ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

## ЗА 2014 ГОДИНА НА ОПШТИНА КОЧАНИ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2015 07 04/1

Скопје, март 2016

## СОДРЖИНА

| Опис | Страна |
|---|---|

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР 1 - 13

Финансиски извештаи за 2013 и 2014 година

Биланс на приходи и расходи 14
Биланс на состојба 15

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
- Вовед 16 - 17
- Сметководствени политики 17 - 21
- Образложенија кон финансиските извештаи 21 - 27

Прилози

Прилог 1 - Забелешки на Нацрт извештај

Прилог 2 - Одговор на Забелешки на Нацрт извештај

Прилог 3- Спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Општина Кочани на сметката на основен буџет (630)

Кратенки користени во извештајот:

ГДР – Главен државен ревизор
ОДР – Овластен државен ревизор
ЗЈВФК-Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
ФУК-Финансиско управување и контрола
УЈП-Управа за јавни приходи
ЗЕЛС-Заедница на единиците на локална самоуправа
ДДВ – Данок на додадена вредност
СИК - Систем на интерни контроли
ИТ – Информатичка технологија

Државен завод за ревизија

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 331
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12 - 119/7
Дата: 21.03.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (630) на Општина Кочани за 2014 година.

За финансиските извештаи за 2014 година на сметката на основниот буџет (630) на Општина Кочани изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

При вршење на ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година, при што е утврдено дека дадените препораки се спроведени.

Општина Кочани нема целосно воспоставен систем на интерни контроли во процесот на утврдување, наплата и контрола на пресметките за утврдување на надоместокот за бесправно изградени објекти при што ревизијата утврди помалку пресметан и наплатен надоместок во износ од 837 илјади денари.

И покрај донесениот ребаланс на Буџетот постои отстапување од планираните и извршените приходи и расходи, пред се кај надоместокот за уредување на градежно земјиште, приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија и приходите од тековни трансфери од други нивоа на власт.

Ревизијата ги истакна системските слабости во функција на нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините, а кои се однесуваат на:

- неспроведувањето на законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија;
- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со со моторни возила на сметка на општината и
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ.

Ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на утврдените состојби.

Од страна на законскиот застапник на Општина Кочани добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот, дел од забелешките претставуваат инфомирање дека дадените препораки се прифаќаат, утврдените состојби остануваат непроменети во Конечниот извештај.

Ревизорски тим:
1. __________
2. __________
3. __________

Овластен државен ревизор

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 и 15 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кочани на сметката на основен буџет (630), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (630) на Општина Кочани за 2007 година и е изразено мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани од 2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните

намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.09.2015 до 16.10.2015 година кај Општина Кочани од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Лила Зафировска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Елена Грнарова, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Халит Рамадани, помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2007 година.
Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при тоа ревизијата констатира дека истите целосно се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 03.12.2015 година.

На ден 09.03.2016 година со писмо број 05-236/3 од 24.02.2016 година примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 12-119/1 од 27.01.2016 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, а дел од забелешките претставуваат известување дека се прифаќаат дадените препораки.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1. Внатрешни контроли

**Процес на буџетирање**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли функционираат на

начин што обезбедуваат навремено и транспаретно донесување на Буџетот на Општина Кочани согласно со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за буџетите. Ова се должи на следното:

- постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање;
- во процесот на изготвување на буџетот се почитуваат насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии;
- од страна на советот на Општината донесен е буџетски календар со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет;
- дефинирани се носителите на конкретната активност со календарот и
- се почитуваат роковите утврдени со буџетскиот календар и буџетот е донесен во законски предвидениот рок.

**Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

4.1.2. При оценка на СИК, кај процесот на даноците на имот и комуналната такса за истакнување на фирма, за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме дека и покрај донесените пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените, дизајнирани контроли и функционирањето на истите, во овој процес ревизијата утврди дека постојат ризици од нецелосност на приходите и тоа:

- во Општина Кочани постојат околу 400 неактивни фирми за кои не е поведена постапка за ликвидација и стечај (од 2005 година се во евиденцијата на Централниот регистар). Истите се задолжуваат со комунална такса за фирма кое има влијание на реалноста на побарувањата по овој основ;
- во текот на годината постои неусогласеност на евиденцијата во даночното и финансиското сметководство по основ на побарувања од правни лица во делот на комуналните такси за фирма. Овој проблем настанува од причина што во даночното одделение по службена должност се бришат фирми по добиено известување од Централниот регистар дека истите се ликвидирани, без при тоа да се врши корекција за истиот износ и во финансиското сметководство, каде корекции се вршат на крај на годината.

Горенаведените состојби создаваат ризик од нецелосна наплата на комуналните такси за фирма и нереално искажани побарувања.

**Препорака:**

Надлежните служби да преземат мерки и активности:

- во интерните процедури да се вгради обврска на редовна комуникација помеѓу даночното одделение и одделението за сметководство и плаќање, заради редовно усогласување на даночната евиденција со финансиското сметководство и
- да ја искористат законската можност за отпис на застарените побарувања.

**Системски слабости и неправилности во ИТ системот на општината**

4.1.3. Со извршената ревизија на интерните акти, воспоставениот информациски систем, пропишаната организациона структура и системот на интерни контроли во информатичката технологија, ги констатиравме следните состојби:

- во општината не е донесен стратешки документ за развој на информатичката технологија или повеќегодишен план за развој на ИТ системот;
- не се прави проверка на исправноста на електронските медиуми каде се прави дневна, неделна и месечна резервна копија на податоците и не е оневозможен физички пристап до серверите од неовластени лица;
- општината има пропишани мерки во членот 9 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на општината за кои нема преземено активности;
- нема соодветен план за справување во случај на инциденти, како ни соодветни ресурси за редовно одржување на опремата и нејзина замена и надградба.

Наведената состојба не е во согласност со меѓународните стандарди за ревизија (МСР 315) и најдобри пракси за ИТ безбедност (CobiT 4.1) што доведува до ризик од несоодветен развој на ИТ системот, несоодветен пристап до податоците, ризик од губење на податоците кои се во системот како и ризик од нефункционалност на ИТ системот.

**Препорака:**

Надлежните служби да ги преземат следните активности:

- да направат анализа за употребата и развојот на информатичката технологија во унапредување на работата на општината и да се донесе повеќегодишен стратешки документ од областа на информатичката технологија, каде ќе бидат истакнати оперативните пристапи со кои општината ќе планира да ги постигне своите цели;
- да преземат мерки за зголемување на безбедноста на пристапот до податоците во системот, нивното чување и достапност како и редовна контрола на исправноста на резервната копија;
- да се преземат мерки за усогласување на пропишаните и вистинските состојби со ИТ инфраструктурата на општината;
- да направат план за справување во случај на инциденти каде посоодветно би се реагирало во случај на одредени дефекти и нефункционалности во ИТ системот како и да се предвиди потребата од дополнителни ресурси од областа на ИТ за успешно справување со сите предизвици кои ги носи секојдневната употреба на информатичката технологија.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Кочани со буџетот за 2014 година има планирано приходи и расходи во износ од 170.899 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 156.464 илјади денари и расходи во износ од 151.787 илјади денари, но кај одделни видови има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените. Приходите се остварени со 91,55%, а расходите со 88,82%.

Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот. Со ребалансот на буџетот во октомври 2014 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните.

Најзначително е отстапувањето во делот на комунални даноци кај надоместок за уредување на градежно земјиште кои се остварени со 57,07%, во делот на капиталните приходи кај приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија кои се остварени со 49,67%, приходи од тековни трансфери од други нивоа на власт остварени со 30% и кај капитални трансфери од други нивоа на власт кои се остварени со 76,24%. Нереалното планирање на приходите и расходите има влијание врз реализација на предвидените годишни програмски активности за 2014 година на Општина Кочани и доведува до можност за склучување на договори за кои нема реални извори на финансирање.

**Препорака:**

Одделението за буџетска координација да преземе мерки и активности:

- планирањето на буџетските приходи и расходи при изготвување на буџетот да го темели на реалните состојби и можности на општината и податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување и
- во случај на позначително отстапување во соработка со градоначалникот да предложи на советот измени и дополнување на буџетот.

4.2.2. Користењето на стварите во сопственост на општината е уредено со Правилник за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Кочани донесен во 2009 година, по кој за давање на користење на ствари во сопственост на Општина Кочани одлучува градоначалникот. Наведеното не е во согласност со член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа. Согласно законските одредби за начинот на располагање со стварите во сопственост на општината одлучува советот на општината. Наведеното придонесува за неусогласеност на Правилникот и донесените одлуки за давање на користење ствари во сопственост на

општината со Законот за локална самоуправа.

**Препорака:**

Правилникот за услови и начин за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Кочани да се усогласи со одредбите од Законот за локална самоуправа и со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост од мај 2015 година.

4.2.3. Во периодот од 2006 до 2014 година склучени се договори и анекс договори за издавање под закуп на недвижен имот сопственост на општината со 3 правни и 3 физички лица и со едно правно лице за поставување, одржување и користење на рекламни паноа во комерцијални цели без постапка за јавно наддавање што не е во согласност со одредбите од Законот за локална самоуправа. Наведените состојби придонесуваат давањето на користење на ствари, сопственост на општината да се врши нетранспарентно без спроведување на целокупната постапка за давање на просторот под закуп, поради што ревизијата не се увери во реалноста на искажаните побарувања како и остварените приходи по наведениот основ.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што од 2015 година издавањето под закуп на недвижен имот сопственост на општината е со спроведени постапки за јавно наддавање (освен во еден случај склучен е анекс договор на 13 јануари 2015 година за користење на ски-лифтови до крај на сезоната 30 април 2015 година).

4.2.4. Општина Кочани нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2014 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), што не е во согласност со членот 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Наведената состојба придонесува за нетранспарентност во однос на наменското користење на средствата за донесување на урбанистичка планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат бесправно изградените објекти.

**Препорака:**

Надлежните служби од општината за секоја година редовно да доставуваат годишни извештаи за користењето на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

4.2.5. Кај приходите од надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти при утврдувањето, контролата и наплатата на пресметките ревизијата утврди дека помалку се пресметани и наплатени приходи по овој основ за износ од 837 илјади денари. Од извршениот увид во документацијата по еден предмет ревизијата утврди дека се изработени две урбанистички согласности за бесправни објекти под ист број и дата со различна намена на изградената површина на објектот, од кои во едната намената на изградената површина не е согласно изработениот геодетскиот елаборат, според која е изготвен и Заклучок за плаќање на надоместок со понизок износ. Во втората урбанистичка согласност е прикажана намената на изградената површина согласно изработениот геодетски елаборат според која е изготвено и Решението за утврдување на правен статус на бесправен објект (согласноста и решението се потпишани само од раководителот на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина) со кое се потврдува дека бесправниот објект ги исполнува условите за вклопување во урбанистичко - планската документација и за запишување во јавната книга на правата на недвижности. Наведеното придонесува за нецелосно утврдување на надоместокот, непочитување на процедурите за внатрешна контрола и помалку остварени приходи на Општината.

Во текот на ревизијата изготвен е Заклучок за плаќање на разликата, а од барателот за утврдување на правен статус е извршена уплата на разликата од 837 илјади денари.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Кочани да преземе мерки и активности во процесот на утврдување и наплата на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти да се зајакнат интерните контроли и целосно да се имплементираат донесените процедури како и да се преземат мерки за утврдување на одговорност поради настанатата состојба.

4.2.6. Согласно член 41 став 4 од Законот за јавни патишта и член 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата Општина Кочани е надлежна и издава дозволи за поставување на рекламни паноа на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците низ градот, а комуналната такса се пресметува врз основа на поднесена пријава на обврзникот пред истакнувањето на рекламата, односно огласот и се плаќа веднаш.

Во 2014 година евидентирани се приходи во износ од 231 илјади денари кои се однесуваат за надоместок за користење на локациите, односно поставување, користење и одржување на рекламни паноа. Ревизијата утврди дека општината нема пресметана комунална такса за истакнување на реклами на рекламната агенција, односно се фактурира само за поставување, одржување и користење на рекламни паноа на различни локации, но не и за комунална такса за истакнување на реклами во износ од 24 илјади денари.

Ефект од горенаведеното е помалку утврдени и наплатени приходи по основ на комунална такса за истакнување на реклами.

Препорака:
Надлежните служби да постапуваат согласно одредбите од Законот за комунални такси и да извршат пресметување на комунална такса за истакнување на реклами.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2.5. и 4.2.6. се помалку пресметан надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и комунална такса за истакнување на реклами во вкупен износ од 861 илјада денари.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Кочани на ден 31 декември 2014 година како и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Кочани, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1.1. Обрнуваме внимание дека Општина Кочани води вонпарнична постапка по основ на надоместок за експроприран имот во износ од 248 илјади денари и кривична постапка за кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување,, против физичко лице по основа на надоместок за комунална такса во вкупен износ од 531 илјади денари. Постапките се во тек, а конечниот исход не може да се утврди. Нашето мислење не е квалификувано во однос на ова прашање.

6.1.2. Врз основа на барање за краткорочна позајмица на Општина Кочани во 2009 година од Буџетот на РМ одобрена е краткорочна позајмица во износ од 5.000 илјади денари според Заклучок од 84-та седница на Владата од 07.07.2009 година. На ревизијата не е презентиран договор за регулирање на правата и обврските по дадената позајмица. Обврската по овој основ на 31.12.2014 година изнесува 3.500 илјади денари. Согласно член 43-а став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во случај кога општината нема да ги врати средствата до крајот на фискалната година, на невратените средства од почетокот на наредната фискална година започнува да се пресметува камата во висина од 2% на годишно ниво до конечната исплата. Трезорот ја врши наплатата на невратените средства од краткорочната позајмица со пресметана камата со повлекување на средства од сметката на општината во висина на расположивите средства, а по извршените плаќања за плати од страна на општината и извршување на претходно добиени налози за извршување.

## 7. Останати прашања

7.1.1. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општинската администрација редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.
Ваквото усогласување не е спроведено од причина што согласно Законот за даноците на имот општинската администрација регистарот на недвижен имот го води на основа на матичен број на граѓанинот, додека Агенцијата за катастар на недвижности го води на основа на катастарска општина, број на парцела или број на имотен лист. Ревизијата смета дека за да може општината целосно, брзо и квалитетно да ја ажурира базата на податоци потребна е софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Македонија).

7.1.2. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила-тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и

кумулативно. Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства.

Ефект од оваа состојба е немање целосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за Општината по тој основ.

7.1.3. По основ на комунална такса за улично осветлување, Општина Кочани како и останатите општини во Република Македонија од страна на ЕВН Македонија АД Скопје не добиваат податоци за:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата, и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Во постојниот Закон за комунални такси не е пропишана обврска на доставување на наведените податоци. За надминување на оваа состојба од страна на ЕВН Македонија и ЗЕЛС е склучен Меморандум за соработка.

И покрај склучениот Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, од страна на ЕВН не се почитуваат договорените обврски од член 6 од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи.

Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварени приходи по овој основ, кои Општината ги евидентира во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за истиот.

Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно законодавецот да изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

ОПШТИНА КОЧАНИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 80.595 | 78.541 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 5.708 | 8.076 |
| Капитални приходи | 3.3. | 19.624 | 25.262 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 50.537 | 44.558 |
| **Вкупно приходи** | | 156.464 | 156.437 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 34.483 | 33.020 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 132 | 24 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 52.351 | 51.389 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 600 | 172 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 5.041 | 10.506 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 92.607 | 95.111 |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 55.480 | 58.161 |
| **Отплата на главница** | 3.7. | 3.700 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | 151.787 | 153.272 |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | 4.677 | 3.165 |

ОПШТИНА КОЧАНИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2014 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложен ие | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4.678 | 3.165 |
| Побарувања | 4.1.2. | 43.527 | 40.189 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.3. | 1.311 | 10.179 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.4. | 4.833 | 4.372 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 41.121 | 0 |
| Вкупно тековни средства | | 95.470 | 57.905 |
| Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот | | 0 | 36.742 |
| Вкупна актива | | 95.470 | 94.647 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 10.013 | 10.180 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | | 0 | 4.371 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 53.037 | 43.354 |
| Вкупно краткорочни обврски | | 63.050 | 57.905 |
| Обврски по долгорочни кредити и заеми | 4.3. | 32.420 | 36.742 |
| Вкупна пасива | | 95.470 | 94.647 |

# 1. ВОВЕД

Општина Кочани е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на Општината.

Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа. Согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија подрачјето на општината ги опфаќа градот Кочани и селата: Безиково, Бели, Вранинци, Горни Подлог, Горно Гратче, Главовица, Грдовци, Долни Подлог, Долно Гратче, Јастребник, Костин Дол, Лешки, Мојанци, Небојани, Нивичани, Ново Село, Оризари, Пантелеј, Пашаџиково, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Рајчани, Речани, Тркање и Црвена Нива.

Седиштето на Општината Кочани е на ул. „Раде Кратовче„ бр.1.
Општина Кочани зафаќа површина од 382 км2 со 38.092 жители и 28 населени места (според пописот од 2002 год.), а израснува во трет регионален центар во источниот дел на Република Македонија.

Согласно член 22 од Законот за локална самоуправа, Општината на своето подрачје ги врши надлежностите, односно работите од јавен интерес од локално значење.
Општината има својство на правно лице, а своите надлежности ги извршува преку органи избрани непосредно од граѓаните.
Органи на општината се советот и градоначалникот кои се избираат за период од четири години. Советниците и градоначалникот надлежни за работењето на Општина Кочани за годината предмет на ревизијата се избрани на локалните избори во 2013 година. Советот на Општина Кочани го сочинуваат 19 членови чии надлежности се утврдени со Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Кочани.
Основен акт на Општината е Статутот бр. 07-2058/1 од 03.05.2006 и измени од 11/2006, 03/2008, 04/2008, 06/2008, 05/2010 и 05/2015 година со кој се уредени прашањата во врска со организацијата и надлежностите на Општината. Статутот се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот на Општината.

Изворите на средства за работење на Општина Кочани се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, и тоа од:

- персонален данок на доход;
- локални даноци: данок на имот, данок на промет на недвижности, данок на наследство и подарок, други локални даноци утврдени со закон;

- локалните такси: комунални такси, административни такси и други локални такси;
- локални надоместоци: надомест за уредување на градежно земјиште, надоместок кој го плаќаат операторите на инсталациите со Б интегрирана еколошка дозвола на општините, и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти);
- приходи од сопственост (закупнини);
- приходи од надоместок за концесии и тоа: надоместок за концесии за детални геолошки истражувања, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор и експлоатација на суровина);
- трансфери и дотации од други нивоа на власт, од буџетите на фондовите и од приходи од ДДВ.

За извршување на функциите на Општината, во општинската администрација како организациони единици се формирани сектори во нивни рамки одделенија, одделенија и територијалната противпожарна единица.
Годишната сметка на Општина Кочани ја усвојува советот на општината.

Овластено лице за располагање со паричните средства на сметката на Општина Кочани во текот на 2014 година е:

- Ратко Димитровски, градоначалник од април 2009 година.

Општина Кочани финансиското работење на сметката на основен буџет (630) го врши преку сметката 736014044463010 отворена во рамките на Трезорската сметка. Преку оваа сметка се остваруваат приходите на сметката на основен буџет (630) и се дотираат средства на сметката на основен буџет (637) на Општина Кочани.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1. Изготвување, доставување и донесување на Буџетот

2.1.1. Изготвувањето на буџетот на Општината Кочани се врши врз основа на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика и приоритетите на општината.

2.1.2. Општината постапува согласно буџетскиот циркулар кој ги содржи основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на буџетот на Општина Кочани, дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на фондовите, приходите од други извори, вклучувајќи ја формата и содржината на буџетот на Општината.

2.1.3. Советот на Општина Кочани донесува буџетски календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на општината.

2.1.4. Врз основа на утврдените рокови со буџетскиот календар, градоначалникот на општината до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови.

2.1.5. Буџетот на Општината за наредната година треба да биде донесен до 31 декември во тековната година од советот на Општина Кочани.

## 2.2. Утврдување на приходи и расходи

2.2.1. Буџетот на Општината, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа треба да содржи:

Општ дел:

- Консолидиран биланс;
- Функционална класификација на расходите;
- Биланс на тековно - оперативни приходи и расходи, и
- Биланс на капитални расходи.

Посебен дел:

- Прикажување на расходите според Правилникот за класификација на расходите, групирани според корисници и програми;
- Анекси (финансиски планови - биланс на приходи и расходи на јавните служби основани од општината, кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на општината, и
- Образложение на Буџетот.

Развоен дел:

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по :

- Одделни буџетски програми и пот програми,
- Години во кои истите ќе се реализираат, и
- Извори на финансирање, односно буџети.

2.2.2. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат за максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.2.3. За секој расход што бара нов извор на приходи заедно со предложениот извор се обработува посебен буџетски документ (ребаланс), донесен од советот на Општина Кочани.

2.2.4. За покривање на непредвидливите барања за расходите кои ќе се појават во текот на буџетската година, се издвојува до 3% од вкупните тековни расходи за буџетски резерви (постојана и тековна) за која одлучува советот на Општина Кочани.

## 2.3. Извршување на Буџетот

2.3.1. Извршувањето на буџетот на општината се врши врз основа на донесените годишни, квартални и месечни финансиски планови по сметки, програми, пот програми и ставки на корисниците.

2.3.2. Доколку буџетот на општината не биде донесен до 31 декември во тековната година, советот донесува Одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година.

2.3.3. Градоначалникот одобрува исплата на средства по сметки, по пот програми и ставки од буџетот, но најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, а имајќи ги предвид и готовинските текови.

2.3.4. Буџетските корисници во текот на фискалната година можат да вршат пренамена во рамките на одобрените буџети, по одобрување од советот на Општина Кочани.

2.3.5. Градоначалникот на Општина Кочани ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

2.3.6. Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот. Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

2.3.7. Правото на корисниците на буџетот за трошење на средства од буџетот престанува на 31 декември во тековната фискална година.

2.3.8. Одобрениот буџет за корисниците на буџетот важи до крајот на фискалната година. Неискористениот буџет на крајот од годината не се пренесува во наредната фискална година.

2.3.9. Приходите наплатени по 31 декември на сметката на буџетот се евидентираат како приходи на буџетот за следната фискална година.

2.3.10. Приходите што ги остваруваат единиците на локалната самоуправа од вршење на дејности кои не се финансираат од буџетот, се уплатуваат на посебни сметки за донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности, чие

одобрување на средства е утврдено со поодделните буџети во рамките на буџетот на општината.

2.3.11. Намалувањето или зголемувањето на планот на приходите и други приливи и планот на одобрените средства во буџетот на донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности го одобрува советот на општината по претходно поднесено барање од буџетскиот корисник до градоначалникот на општината кој го проследува до советот на општината.

## 2.4. Финансиски резултат

2.4.1. Буџетски суфицит (вишок на приходи над расходи) претставува разлика меѓу приходите и расходите на буџетот на Општина Кочани, кога приходите се поголеми од расходите, при што, утврдениот вишок на приходи се пренесува во буџетот за наредната година и се евидентира во корист на сметката на приходите.

## 2.5. Кредити и позајмици

2.5.1 Општината може да се задолжува во земјата и странство.

2.5.2 Општината може да се задолжува краткорочно и долгорочно.

2.5.3 При краткорочно задолжување, вкупниот долг на општината направен по основ на краткорочно задолжување и краткорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија во текот на фискалната година, не може да надмине 30% од реализираните вкупни приходи на тековно - оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

2.5.4 Советот на општината го одобрува долгорочното задолжување, по претходно одржана јавна расправа во општината. Предмет на јавната расправа е опис на проектот и условите за негово финансирање.

2.5.5 При долгорочно задолжување, вкупната годишна отплата на долгот (главнина, камата и други трошоци) направен врз основа на долгорочно задолжување и долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно - оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

## 2.6. Извори на капитални средства

2.6.1 Под извори на капитални средства се подразбираат обврските спрема изворите на средства што не пристигнуваат додека корисникот работи.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Даночни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, и тоа по следните основи:

- персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица, данок на плати остварени во странство, данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално оданочување;
- даноци на имот кои опфаќаат: данок на имот од физички и правни лица, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности;
- даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за: привремен престој, за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли што се плаќа при регистрација на возилата, комунална такса за одржување на јавно осветлување, други комунални такси за: користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност, истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, за поставување на витрини за изложување на стоки, за користење на плоштад и друг простор во градовите и населени места, за користење на просторот за паркирање на моторни возила, надоместок за уредување на градежно земјиште и камата за ненавремено плаќање на комунални такси;
- такси за користење или дозволи за вршење дејност кои опфаќаат: надоместок за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, диско клуб и диско клуб на отворен простор, надомест за управување со отпад и надомест за одржување на јавна чистота;

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 2.900 | 3.010 | 2.739 | -110 |
| Даноци на имот | 25.250 | 27.881 | 23.085 | -2.631 |
| Даноци на специфични услуги | 50.566 | 43.566 | 44.735 | 7.000 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 6.554 | 6.138 | 7.982 | 416 |
| Вкупно | 85.270 | 80.595 | 78.541 | 4.675 |

## 3.2. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- глоби, судски и административни такси што опфаќаат: административни такси кои се наплаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината и други локални даноци;
- такси и надоместоци што опфаќаат: приходи од закупнина на општинскиот имот;
- други неданочни приходи кои опфаќаат: останати неданочни приходи и 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Глоби, судски и административни такси | 1800 | 1988 | 1275 | -188 |
| Такси и надоместоци | 600 | 444 | 438 | 156 |
| Други Владини услуги | 2.500 | 3.276 | 6.363 | -776 |
| **Вкупно** | 4.900 | 5.708 | 8.076 | -808 |

## 3.3. Капитални приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следниов основ:

- приходи од продажба на капитални средства (општински имот), продажба на земјиште и нематеријални вложувања што опфаќа: приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор), надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина), надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и надомест за одобрение за земјоделско земјиште.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Продажба на капитални средства | 0 | 75 | 0 | (75) |
| Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 29.386 | 19.549 | 25.262 | 9.837 |
| Вкупно | 29.386 | 19.624 | 25.262 | 9.762 |

### 3.4. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи: тековни трансфери од други нивоа на власт, трансфери од Буџетот на фондовите, пренесен вишок на приходи од претходната година, дотации на општината од приходи од ДДВ и капитални трансфери од други нивоа на власт и општи и тековни донации. Со Буџетот за 2014 година биле планирани приходи во износ од 51.343 илјади денари, а остварени 50.537 илјади денари, во 2013 година – 44.558 илјади денари.

### 3.5. Тековни расходи

### 3.5.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), од средствата кои се обезбедени од сметката на основниот буџет (630) на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Основни плати | 23.240 | 23.116 | 22.087 | 124 |
| Придонеси за социјално осигурување | 8.492 | 8.442 | 8.054 | 50 |
| Надоместоци | 2.950 | 2.925 | 2.879 | 25 |
| Вкупно: | 34.682 | 34.483 | 33.020 | 199 |

### 3.5.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 132 илјади денари (2013 – 24 илјади денари). Планираните средства во износ од 650 илјади денари се наменети за исплата за тековни резерви (разновидни расходи).

### 3.5.3. Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Патни и дневни расходи | 776 | 540 | 1.047 | 236 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 23.054 | 22.917 | 23.465 | 137 |
| Материјали и ситен инвентар | 7.000 | 6.732 | 4.308 | 268 |
| Поправка и тековно одржување | 13.860 | 11.443 | 12.713 | 2.417 |
| Договорни услуги | 7.556 | 6.096 | 5.554 | 1.460 |
| Други тековни расходи | 2.166 | 2.123 | 1.874 | 43 |
| Привремени вработувања | 2.500 | 2.500 | 2.428 | 0 |
| Вкупно: | 56.912 | 52.351 | 51.389 | 4.561 |

### 3.5.4. Каматни плаќања

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 600 илјади денари (2013 – 172 илјади денари). Планираните средства во износ од 600 илјади денари се наменети за исплата на камата на кредити.

### 3.5.5. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Трансфери до невладини организации | 5.860 | 5.041 | 10.506 | 819 |
| Вкупно: | 5.860 | 5.041 | 10.506 | 819 |

## 3.6. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Резерви за капитални расходи | 1.650 | 1.482 | 2595 | 168 |
| Други градежни објекти | 63.846 | 52.585 | 51.676 | 11.261 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 3.000 | 1.413 | 3.090 | 1.587 |
| Купување на возила | | | 800 | 0 |
| Вкупно: | 68.496 | 55.480 | 58.161 | 13.016 |

## 3.7. Отплата на главнина

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Кочани, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 3.700 илјади денари (2013 – 0 илјади денари). Планираните средства во износ од 3.700 илјади денари се наменети за отплата на главнина на долгорочни задолжувања од Светска банка.

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Актива

## 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ и ги опфаќа паричните средства на Сметката. Нивната состојба на 31 декември 2014 година изнесува 4.678 илјади денари (2013 – 3.165 илјади денари).

### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција е проценета во износ од 43.527 илјади денари (во 2013 година – 40.189 илјади денари) и е усогласена со дел од проценетото салдо на позицијата Други ПВР како нивна кореподентна сметка, и е по основ на ненаплатени побарувања по основ на данок на имот, комунални такси, закупнина на имот, на поставување реклами и побарувања по основ на договорни казни за продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ.

### 4.1.3. Краткорочни пласмани,кредитирање и позајмување

Оваа позиција е проценета во износ од 1.311 илјади денари (во 2013 година – 10.179 илјади денари) и е усогласена со дел од проценетото салдо на позицијата Краткорочни обврски спрема субјекти како нивна кореподентна сметка, и е по основ на пласирани микрокредити.

### 4.1.4. Финансиски пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите

Оваа позиција е проценета во износ од 4.833 илјади денари (во 2013 година – 4.372 илјади денари), усогласена е со дел од проценетото салдо на позицијата Други ПВР, и е по основ на трансферирани средства од буџетот на Општината на донаторски сметки за проекти: Проект ГЕО СИ - Искористување на ниско температурните геотермални ресурси финансиран од Европскиот регионален фонд за развој (ЕРДФ)-ЕУ инструментот за пред пристапна помош (ИПА).

### 4.1.5. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во износ од 41.121 илјади денари (во 2013 година – 0 илјади денари) и е усогласена со дел од проценетото салдо на позицијата Краткорочни обврски спрема субјекти и позицијата Обврски по долгорочни кредити и заеми и е по основ на Отплата на краткорочна позајмица од Владата на РМ од 2009 година и Обврски по долгорочен кредит преку Светска банка (врз

основа на задолжување на РМ со заем кај Меѓународна банка за обнова и развој) од 2009 година.

**Пасива**

## 4.2. Тековни обврски

### 4.2.1. Краткорочни обврски спрема субјекти

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 10.013 илјади денари (во 2013 година – 10.180 илјади денари) и тоа по основ на краткорочна позајмица од Буџетот на РМ, обврска по камати од долгорочен кредит од Светска банка и договорни казни по склучени договори за продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ.

### 4.2.2. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 53.037 илјади денари (во 2013 година – 43.354 илјади денари) и тоа по основ на:

- дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година - 4.678 илјади денари (2013 година – 3.165 илјади денари) и
- Други пасивни временски разграничувања – 48.359 илјади денари како кореспондентна ставка на промените од позициите на Парични средства и Побарувања (2013 година – 40.189 илјади денари).

## 4.3. Обврски по долгорочни кредити и заеми

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 32.420 илјади денари (во 2013 година – 36.742 илјади денари) и тоа по основ на обврска по долгорочен кредит од Светска банка.

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс : +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
05-236/3
24.02 2016 год
КОЧАНИ

# Забелешки по констатациите од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на општина Кочани.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 09.05.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вр |
| 12 | 119/6 | | |

**СМЕТКА НА ОРГАН НА ОПШТИНА КОЧАНИ(637)**

**1.Усогласување со закони и прописи**

Препораката од точка **1.1** се прифаќа и во 2016 година Градоначалникот на општината ќе донесе интерен акт за давање на поклони по повод одредени пригоди.

**2.Финансиски извештаи**

Забелешката во точка **2.1** не се прифаќа бидејќи општина Кочани има донесено правилник за начинот и условите за набавка и полнење на гориво за потребите на општината со кои е уреден начинот на набавката и полнењето на горивото и овластени се вработени за полнење на горивото.Не водењето на аналитичка евиденција за потрошокот на гориво е од оправдани причини(овластеното лице во текот на 2014година е на боледување.)

Со комплетирањето на потребната документација за потрошено гориво во 2014година ќе надополни аналитичката евиденција и ќе продолжиме со континуирано водење на аналитичката евиденција на потрошено гориво во наредниот период.

**4.1 Систем на интерни контроли во процесот на спроведување на плаќања**

Препораката од точка **4.1.1** за изготвување на Методологија за спроведување на Планот за воспоставување и развој на ФУК и изготвување и донесување на Стратегија за управување со ризици се прифаќа и согласно ЗЈВФК ќе постапиме.

**4.2 Усогласеност со закони и прописи**

Препораката од точка **4.2.1** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. -389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**4.3 Финансиски извештаи**

За забелешката од точка **4.3.1** општина Кочани при изработка на Програмите за јавна чистота и паркови и зеленило ќе ги дефинира условите за превземање на финансиска обврска со тоа што истите треба да бидат превземани на ниво на остварените приходи.

Забелешката од точка **4.3.2**

**-алинеја 1 и 2** не се прифаќа бидејќи е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба и вредносно пресметување на утврдените материјални разлики и е изготвен преглед за основните средства кои се предложени за расходување од пописната комисија.

**-алинеја 3** не се прифаќа бидејќи согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници општина Кочани освен дневник,главна книга (книга на приходи и расходи и книга на средствата,обврските и изворите на средствата) води и помошни книги (аналитичка евиденција за материјални средства и превземените обврски) каде целосно и комплетирано, навремено, ажурно и хронолошки се прикажани сите промени, односно точно го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.Причините за не измирување на обврските према додавувачите и кредиторите не се наведени бидејќи истите се измируваат согласно роковите утврдени во договорите спроведени со јавна набавка.

Препораката од точка **4.3.3** се прифаќа и веќе се постапува по истата.

**4.4 Користење на средствата согласно законски прописи**

Препораката од точка **4.4.1** е веќе во примена бидејќи во постапка за јавна набавка за надзор на инвестициони активности во спецификацијата е вклучена и позиција –надзор на набавка на готов бетон и негово вградување.

**Јавни набавки**

Препораката од точка **4.4.2** се прифаќа ќе се постапи по истата.

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**СМЕТКА НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ(630)**

**Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

Забелечката од точка **4.1.2 алинеја 1** не се прифаќа бидејќи Одделение за даноци такси и надоместоци не може да врши траен отпис на задолжувања на правни лица за кои не е поведена и завршена постапка за ликвидација или стечај и истите се задолжуваат со комунална такса –фирмарина.

Забелечката од точка **4.1.2 алинеја 2** не се прифаќа бидејќи вредносно усогласување на даночното и финансиското сметководство се врши на крајот од годината поткрепена со соодветна документација за ликвидација,окончан стечај или бришење на правното или физичко лице од една страна и тековна состојба од правно или физичко лице за упис во трговскиот регистар.

**Системски слабости и неправилности во ИТ системот на општината**

Препораката од точка **4.1.3** се прифаќа ќе се постапи по истата.

**4.2 Усогласеност со закони и прописи**

Забелешката од точка **4.2.1** не се прифаќа бидејќи извршувањето на буџетските приходи е 91,55%,а извршувањето на буџетските расходи е со 88,82% што по наше мислење е висок процент на реализација.

Проекцијата на капиталните приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште и продажба на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање е направена од искуството од претходните години,како реално очекуван приход во однос на локацијата на парцелите кои се предмет на отуѓување.

Општина Кочани ги има создадено сите услови за парцелите кои се лицитираат да бидат атрактивни,но постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија е по пат на лицитација ,цената по метар квадратен зависи од понудата и со тоа општина Кочани не може директно да влијае на крајниот резултат.

Сметаме дека реализацијата на вкупните приходи и вкупните расходи е со висок процент.

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Забелешката од точка **4.2.2** од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Општина Кочани која се однесува на тоа дека треба да го усогласиме Правилникот за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на општина Кочани донесен во 2009година со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, не се прифаќа поради следните правни причини: **Со измените на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост** (Службен весник на Република Македонија бр. 153/2015) **се уредува постапката за** давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и **давање под закуп на недвижни и продажба на движни ствари во општинска сопственост,** како и продажба на ствари за кои е издаден за предбележување на градба во корист на општините. Согласно член 67 од Законот за изменување на законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 153/2015) одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање соодветно **се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижните ствари во општинска сопственост,** освен во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита. Следователно на горенаведено Општина Кочани од стапувањето во сила на овие законски одредби (2015 година) истите соодветно ги применува. Правилникот за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на општина Кочани донесен во 2009година, од 2015 година воопшто не го применуваме и не постапуваме по него, од причина што истиот беше донесен од Советот на општина Кочани во 2009 година во отсуство на постоечки законски прописи за постапување со стварите во општествена сопственост кога тогашниот Закон за користење и располагање со стварите на државните органи (Службен весник на Република Македонија бр.8/15, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14) се однесуваше само на користење и располагање со стварите на државните органи, но не и на стварите на општините, **Со донесување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015) Општина Кочани од 2015 година при спроведување на постапките за давање под закуп на ствари во општинска сопственост ги применува одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015), и воопшто не работи и не го применува горенаведениот правилник.**

Препораката од точка **4.2.4** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Препораката од точка **4.2.5** се прифаќа и ќе се постапи по истата, но сакаме да потенцираме дека во текот на ревизијата изготвен е Заклучок за плаќање на разликата,а од барателот за утврдување на правен статус е извршена уплата .

Препораката од точка **4.2.6** се прифаќа ќе се постапи по истата.

# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Со останатите прашања **7.1.1,7.1.2 и 7.1.3** се согласуваме и се надеваме дека законодавецот ќе изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

**СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ(937)**

Позитивно мислење без препораки

**СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ(930)**

**3.1 Усогласеност со закони и прописи**

Препораката од точка **3.1** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Се надеваме дека забелешките со кои не се согласуваме ќе бидат земени во предвид,а со останатите ќе превземеме мерки за нивно надминување.

Со почит,

Изготвил:ДР

Градоначалник на општина Кочани

Ратко Димитровски

---------------------------

Одговор
на забелешки/коментари/известувања на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 09.03.2016 година добиени се забелешки/коментари/известувања на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Општина Кочани бр. 05-236/3 од 24.02.2016 година, од раководното лице Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12 -119/6 од 09.03.2016 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2. алинеа 1** која се однесува на тоа дека во евиденцијата на општината постојат неактивни фирми од 2005 година за кои не е поведена постапка за ликвидација и стечај, истите се задолжуваат со комунална такса за фирма кое има влијание на реалноста на побарувањата по овој основ, **не се прифаќа**. Ревизијата ја констатира состојбата која е еден од ризиците и има влијание на реалноста на побарувањата по овој основ.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2. алинеја 2** која се однесува дека во текот на годината постои неусогласеност помеѓу евиденцијата во даночното и финансиското сметководство по основ на побарувања од правни лица во делот на комуналните такси за фирма, **не се прифаќа** поради тоа што со дадената забелешка Општина Кочани ги објаснува причините за утврдените состојби за што не се доставени дополнителни докази за да се оспори утврдената состојба.

3. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.1.3.** која се однесува на системските слабости и неправилности во ИТ системот на општината претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на тоа дека со ребалансот на буџетот во октомври 2014 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните **не се прифаќа**, поради тоа што и покрај тоа што е висок процентот на извршување

на приходите/расходите констатацијата се однесува на тоа дека кај одделни ставки има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените кое се должи на нереалното планирање.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на тоа дека користењето на стварите во сопственост на општината е уредено со Правилник за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Кочани донесен во 2009 година, по кој за давање на користење на ствари во сопственост на Општина Кочани одлучува градоначалникот, **не се прифаќа** поради недоставени докази со кои ќе се потврди дека Правилникот не се применува.

6. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.4.** која се однесува за неизготвен и доставен Годишен извештај за 2014 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски) претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

7. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.5.** која се однесува за нецелосно утврдување на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, непочитување на процедурите за внатрешна контрола и помалку остварени приходи на Општината претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

8. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.6.** која се однесува за непресметана комунална такса за истакнување на реклами на рекламни паноа на различни локации претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

Сметка на основен буџет (637)

9. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува за неизготвена Методологија за спроведување на Планот за воспоставување и развој на ФУК и недонесена Стратегија за управување со ризици претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

10. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува за привремени вработувања во Општина Кочани кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување претставува **известување** дека

дадената препорака се прифаќа.

11. Забелешката за констатираните состојби во **точката** 4.3.1. која се однесува за неусогласеност на обврските со КЈП „Водовод" Кочани а кое произлегува од реализација на Програмите - јавна чистота и паркови и зеленило претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

12. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 1 и** 2 која се однесува на тоа дека не е извршено внесување на сметководствената /материјална состојба на средствата во пописните листи и не е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба **не се прифаќа**, поради тоа што во пописните листи има само опис на основното средство и количина без набавната вредност, исправката и сегашната вредност по книговодство и по попис, а на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите во извештајот.

13. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 3 и** 4 која се однесува на тоа дека не е извршено вредносно пресметување на утврдените материјални разлики, дека не е утврдена состојбата на преземените обврски односно дека се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не се утврдени причините за неизмирените обврски према добавувачите и кредиторите **не се прифаќа**, а дадената забелешка **претставува известување** за начинот на постапување/ евидентирање на материјалните средства и обврските.

14. Забелешката за констатираните состојби во **точката** 4.3.3. која се однесува за капиталните вложувања и нивното неевидентирање како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

15. Забелешката за констатираните состојби во **точката** 4.4.1. која се однесува за набавка на готов бетон за потребите на Општината и немање надзор за вградување на истиот претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

16. Забелешката за констатираните состојби во **точката** 4.4.2. која се однесува за необезбедени банкарски гаранции во периодот на вршење на работите согласно склучените договори претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

17. Забелешката за констатираните состојби во **точката 3.1.** која се однесува на тоа дека Општина Кочани нема изготвено мерила и критериуми за распределба на блок дотации од одделни области кое има влијание на транспарентната распределба на овие средства по корисници претставува известување дека дадената препорака се прифаќа.

## Преглед на резултатите

**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 1403-482/5 од 10.10.2008 година за Општина Кочани**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 11.1.1. | Даночното одделение на Општина Кочани да ги изврши следните работи:<br>- да го ажурира регистарот на даночни обврзници по основ данок на имот;<br>- да изврши усогласување на регистарот на обврзници за данок на имот со податоците на Државниот завод за геодетски работи;<br>- пред изготвувањето на поединечните даночни решенија за данок на имот да изготвува авторизирани облагателни листи (потврдени од задолжените | СП | - во 2014 година постои авторизација на облогателната листа како основ за пресметка на данок на имот по даночни обврзници;<br>- податоците за даночните обврзници добиени од Управата за јавни приходи (регистар на недвижен имот) се ажурирани во повеќе | Даночното одделение презело мерки во врска со следното:<br>- за авторизација на облогателната листа;<br>- ажурирање на базата на податоци, и<br>- безбедносна заштита на базата на податоци. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | лица, раководителот на даночно одделение и градоначалникот);<br>- да обезбеди заштита од неавторизирано менување на базата на податоци. | | наврати (2010-2015) и подлежат на секојдневна проверка.<br>- се врши усогласување на податоците во регистарот на недвижен имот на општината со податоците на Државниот завод за геодетски работи согласно законската обврска утврдена во Законот за даноците на имот.<br>- постои безбедносна заштита од менување/бришење на базата на податоци. | |
| 2 | 11.1.2. | Даночното одделение на Општина Кочани да ги изврши следните работи:<br>- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците за комунална такса за истакната фирма | СП | - регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма за 2014 година е усогласен | Од Централниот регистар на Република Македонија најмалку два пати годишно се бараат податоци со цел |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | со податоците од Централниот регистар на Република Македонија;<br>- пред изготвувањето на поединечните даночни решенија за комунална такса за истакната фирма да изготвува авторизирани облагателни листи (потврдени од задолжените лица, раководителот на даночно одделение и градоначалникот). | | со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и освен исполнувањето на законската обврска, Општина Кочани најмалку два пати годишно бара од Централен регистар на Република Македонија да достави список (во електронска форма) за нови обврзници, обврзници за кои е започната или завршена ликвидационата постапка како и ново регистрирани даночни обврзници) и по истите се ажурира базата на податоци.<br>- облогателната листа врз основа на која се | ажурирање на базата на податоци. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | изготвуваат решенија за комунална такса е потпишана од надлежните на Општина Кочани. | |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива

Образец: 09_Т_ИЗ

ДЗР
Државен завод за ревизија

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 331
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (1)

| ПРИМЕНО | 23-03-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 05 | 236/4 | | |

Број: 12-119/11
Дата: 21.03.2016

ДО
ОПШТИНА КОЧАНИ
**Г. Ратко Димитровски, градоначалник**
улица Раде Кратовче број 1
2300, Кочани

**Предмет:** Доставување на Конечен извештај

Почитуван г. Димитровски,

Согласно член 31 став 1 од Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015 и 27/2016 година) Ви доставуваме 1 (еден) примерок од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година во Општина Кочани и тоа на:

1. Сметка на основен буџет (630);
2. Сметка на основен буџет (637) ;
3. Сметка на приходи на буџет на дотации (930) и
4. Сметка на расходи на буџет на дотации (937).

Во рок од 90 дена од приемот на Конечниот извештај, согласно член 32 од Законот за државната ревизија должни сте да го известите Државниот завод за ревизија за преземените мерки во врска со наодите во ревизорскиот извештај.

Во прилог Ви испраќаме образец ИЗПМ и Ве молиме во рамките на Вашите надлежности, да преземете активности за доставување на повратни информации за преземените мерки од Ваша страна по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година во Општина Кочани.

Со почит,

**Главен државен ревизор**
**м-р Тања Таневска**

**Изработил: Лила Зафировска, виш ревизор и ОДР**
**Одобрил: м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и ОДР**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

## ЗА 2014 ГОДИНА НА ОПШТИНА КОЧАНИ
## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2015 07 04/2

Скопје, март 2016

## СОДРЖИНА


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештаи за 2013 и 2014 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Преглед на промени на извори на капитални средства | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 15 - 16 |
| - Сметководствени политики | 17 - 19 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 20 - 26 |
| Прилози | |
| Прилог 1 - Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 - Одговор на Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 3 - Спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Општина Кочани на сметката на основен буџет (637) | |

Кратенки користени во извештајот:

ГДР – Главен државен ревизор
ОДР – Овластен државен ревизор
ЕВР –Единица за внатрешна ревизија
ЗЈВФК-Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
ФУК – Финансиско управување и контрола
КЈП –Комунално јавно претпријатие
ТППЕ – Територијална против пожарна единица

ДЗР
Државен завод за ревизија

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12-119/8

Дата: 21.03.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Кочани за 2014 година.

За финансиските извештаи за 2014 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Кочани изразивме неповолно мислење во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност со закони и прописи.

При вршење на ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година, при што е утврдено дека четири препораки се делумно спроведени, две се спроведени и една е неспроведена поради изменети околности.

Со ревизија на системот на интерни контроли во процесот на спроведување на плаќањата ревизијата утврди дека во 2014 година постои отстапување во однос на утврдените контролни механизми, а во 2015 година воспоставен е систем на контрола и распределба на должностите и одговорностите.

Во текот на 2014 година ангажирани се лица преку Агенција за привремени вработувања, за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места, што не е во согласност со законски пропишаната рамка за вработување.

Ревизијата не обезбеди доказ дека обврските кон добавувачите во Билансот на состојба се реално и објективно искажани поради неевидентирани обврски во

сметководствената евиденција во врска со реализација на Програмите за јавна чистота и паркови и зеленило, што не е во согласност со законските одредби.

Во Општина Кочани пописот со состојба на 31.12.2014 година не е извршен согласно законските прописи.

Општина Кочани не ги надминала состојбите и не изградила сметководствена политика за евидентирање на инвестициите во тек што е утврдено и со ревизијата на финансиските изештаи за 2007 година.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Од страна на законскиот застапник на Општина Кочани добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот, дел од забелешките претставуваат инфомирање дека дадените препораки се прифаќаат, така да утврдените состојби остануваат непроменети во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кочани на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи сметката на основниот буџет (637) на Општина Кочани за 2007 година и е изразено неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани од 2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните

намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 19.10.2015 до 13.11.2015 година кај Општина Кочани од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Лила Зафировска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Елена Грнарова, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Халит Рамадани, помлад ревизор.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2007 година.
Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што ревизијата констатира дека истите делумно се спроведени.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 03.12.2015 година.

На ден 09.03.2016 година со писмо број 05-236/3 од 24.02.2016 година примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 12-119/1 од 27.01.2016 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, а дел од забелешките претставуваат известување дека се прифаќаат дадените препораки.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

**Констатирани се следните состојби:**

**4.1. Системот на интерни контроли во процесот на спроведување на плаќањата**

4.1.1. Донесен е интерен акт "Процедура за работење" за движење на документацијата и системот за следење и контрола на сметководствената

документација.

Изготвен е План за воспоставување и развој на ФУК но не е изготвена Методологија за спроведување на истиот согласно одредбите од ЗЈВФК и делумно се утврдени и проценети ризиците.

Поради недоволната кадровска екипираност раководителот на секторот е и координатор за финансиско управување и контрола, не е пополнето работното место раководител на одделение за буџетска координација и одделение за сметководство и плаќање и работното место раководител на ЕВР кое што има влијание во функционирањето, следењето и развојот на ФУК.

Со увид во сметководствената документација во 2014 година ревизијата констатира отстапувања во однос на утврдените контролни механизми, односно не се врши целосна авторизација од две меѓусебно независни лица-систем на двоен потпис, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Согласно одредбите од ЗЈВФК не е донесена Стратегија за управување со ризици кое може да има негативно влијание врз постигнувањето на целите на субјектот.

Во 2015 година, ревизијата утврди дека постои доследно спроведување на горенаведената процедура, воспоставен е систем на контрола и распределба на должностите и одговорностите, извршување на ex-ante и ex-post финансиска контрола, согласно член 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- изготвување на Методологија за спроведување на Планот за воспоставување и развој на ФУК и
- изготвување и донесување на Стратегија за управување со ризици, односно да се изврши анализа на ризиците според критериуми и нивна категоризација.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во текот на 2014 година ангажирани се лица преку Агенција за привремени вработувања чиј број по месеци е разлчен и се движи од 14-16 лица, по кој основ се исплатени средства во вкупен износ од 2.500 илјади денари.

Отстапените работници на Општина Кочани од страна на Агенцијата не се ангажирани за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности, туку за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места, што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработување.

Дел од ангажираните лица се континуирано ангажирани за вршење на исти работи во период подолг од една година, што не е во согласност со член 4 од Законот.

Привремените вработувања во Општина Кочани кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето и субјективност при изборот на лицата.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Кочани привремените вработувањата во Општината да ги врши во согласност со актот за организација и систематизација и законски пропишаната рамка.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации за потврдување на салдото на обврските за добавувачи во земјата во износ од 18.912 илјади денари, што претставува 99,92 % од износот на обврските (18.896 илјади денари). Од добиените одговори од сите испратени конфирмации е потврдено салдото на обврските во 80% од вкупните обврски на општината. Ревизијата констатира не усогласување со КЈП „Водовод" Кочани за износ од 4.765 илјади денари, кое произлегува од реализација на Програмите - јавна чистота и паркови и зеленило (за нивна реализација склучени се Договори со КЈП „Водовод" Кочани во износ на предвидените средства со програмите).

Во сметководствената евиденција на Општината се книжат како обврски и се плаќаат само ситуациите во рамките на собраните приходи од надоместок за јавна чистота, управување со отпад, управување со паркинзите и други приходи, кои јавното претпријатие ги собира за сметка на Општината.

Поради неевидентирана документација (времени ситуации) кои се однесуваат за повеќе години, а се добиени во Општината, во Билансот на состојба за 2014 година обврските се искажани во помал износ за 4.765 илјади денари.

Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доказ дека обврските кон добавувачите во Билансот на состојба се реално и објективно искажани.

Наведеното не е во согласност со членот 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 18 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, придонесува за нереално искажување на состојбата на обврските спрема добавувачите.

**Препорака:**

Документацијата за обврските спрема добавувачите редовно и ажурно да се

евидентира за годината за која се однесува.

4.3.2. Пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31 декември 2014 година не е извршен на начин предвиден со одредбите во член 31-а и 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, од следните причини:

- не е извршено внесување на сметководствената /материјална состојба на средствата во пописните листи;
- не е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба;
- не е извршено вредносно пресметување на утврдените материјални разлики;
- не е извршено утврдување на причините за несогласување меѓу состојбата на пописот и сметководствената состојба и
- не е утврдена состојбата на преземените обврски односно дека се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не се утврдени причините за неизмирените обврски према добавувачите и кредиторите.

Ваквиот начин на постапување предизвикува неможност од усогласување и потврдување на сметководствената со фактичката состојба на средствата, обврските и изворите на средствата, влијае на целосноста, сеопфатноста и реалното прикажување на податоци во финансиските извешаи.

**Препорака:**

Пописот на материјалните средства, ситниот инвентар и обврските спрема добавувачите да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

4.3.3. Во Општина Кочани и во 2014 година не е имплементирана дадената препорака во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година која се однесува на капиталните вложувања и нивното евидентирање како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек. Позицијата инвестиции во тек се книжи со изготвување на завршен извештај за завршени работи од страна на надзорниот орган, но не и со добивање на времена ситуација за изведени работи во конкретниот месец.

Ревизијата утврди дека се вршат работи (изведба, реконструкција на улици, изградба на водоводна и фекална канализација и слично) за кои се добиени времени ситуации во износ од 49.597 илјади денари кои не се евидентирани на позицијата Инвестиции во тек. Ваквото постапување е спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Ваквиот начин на евиденција придонесува за немање увид во вредноста на капиталните вложувања за изградба на поодделните објекти, нереално искажани состојби на средствата и изворите на средства во финансиските

извештаи и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Одделението за сметководство и плаќање, времените ситуации за капиталните објекти во тек на градба, да ги евидентира со денот на добивањето по објекти на кои се однесуваат како инвестиции во тек.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. По отворена постапка број 25-257/4/ склучен е договор во вредност од 2.330 илјади денари за набавка на готов бетон МБ-30 за потребите на Општината, кој се вградува по писмени барања на граѓаните за изградба на тротоари и потпорни зидови. Во текот на 2014 година за оваа набавка направени се расходи во износ од 1.880 илјади денари. По изјава на надлежните служби изведувањето на работите се врши од барателите без да биде ангажиран изведувач. Ситуациите се потпишани од овластено лице од Одделението за уредување на градежно земјиште и од помошникот раководител на секторот за уредување и располагање со градежно земјиште. За истите има градежна книга, градежен дневник, барање од граѓаните за изведба на тротоари и потпорни зидови, но не и надзор за потврдување на вградувањето на градежниот материјал/бетон. Ваквата пракса за ракување со градежните материјали не е во согласност со Законот за градење и Законот за локална самоуправа и може да доведе до несоодветно ракување со градежните материјали, зголемени трошоци и ненаменско користење на истите.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки уредувањето, изградбата и одржувањето на инфраструктурните објекти за кои е надлежна општината да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со закон, а општината во рамките на своите овластувања да врши контрола на квалитетно и навремено извршувањена истите.

**Јавни набавки**

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки во 2013 и 2014 година, по кои се преземени обврски во 2014 година, извршивме ревизија на постапките за јавни набавки, со што опфативме 62,4% од вкупната реализација по преземените обврски кои подлежат на Законот за јавни набавки при што ги констатиравме следните состојби:

4.4.2. Спроведени се постапки за јавни набавки за асфалтирање на улици во општина Кочани отворена постапка број 25-1248/4/2013, со рок на важност на

договорот 31.12.2013 година и Изградба на армирано бетонски мост на улица „560„ со барање за прибирање на понуди број 25-1249/4/2013, со рок на важност на договорот 28.01.2014 година. Согласно тендерската документација и одредбите од склучените договори, од страна на избраните економски оператори обезбедена е банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорите во висина на одреден процент од вредноста на поединечните договори. Со пролонгирање на договорите за изведување на работите за вкупен износ од 2.001 илјади денари гаранциите за квалитетно изведување на работите не се обновени што не е во согласност со член 48 став 5 и 7 од Законот за јавни набавки.

Извршувањето на работите врз основа на склучени договори за кои не е обезбедена предвидената банкарска гаранција во периодот на вршење на работите создава ризик и не постоење на можност од страна на носителот на набавката за заштита при неквалитетно извршување на работите, односно неможност да се покријат штетите и трошоците кои договорниот орган реално би ги претрпел при раскинување на договорот или неквалитетно извршување на работите.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општината да определи надлежни лица кои ќе ги следат договорите и ќе бидат одговорни за обезбедување на банкарските гаранции за квалитетно извршување на склучените договори.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.3.1. и 4.3.3. се помалку прикажани Обврски спрема добавувачите и Материјални средства во подготовка во билансот на состојба за 2014 година во вкупен износ од 54.353 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.3.1. до 4.3.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Кочани на ден 31 декември 2014 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. до 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Кочани, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

ОПШТИНА КОЧАНИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 151.787 | 153.273 |
| **Вкупно приходи** | | 151.787 | 153.273 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 34.483 | 33.020 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 132 | 24 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 52.349 | 51.383 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 600 | 172 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 5.042 | 10.513 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 92.606 | 95.112 |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 55.481 | 58.161 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 55.481 | 58.161 |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | 3.700 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | 151.787 | 153.273 |

ОПШТИНА КОЧАНИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 8 | 2 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 1 | 1 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 21.618 | 10.626 |
| **Вкупно тековни средства** | | 21.627 | 10.629 |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 362 | 278 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 958 | 958 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 338.936 | 328.315 |
| **Вкупно постојани средства** | | 340.256 | 329.551 |
| **Вкупна актива** | | 361.883 | 340.180 |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 18.912 | 8.077 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 2.706 | 2.549 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 9 | 3 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 21.627 | 10.629 |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 340.256 | 329.551 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | 340.256 | 329.551 |
| **Вкупна пасива** | | 361.883 | 340.180 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

ОПШТИНА КОЧАНИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2014 ГОДИНА

во 000 ден

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2014 година | 329.551 | 329.551 |
| **Зголемување по основ на:** | **24.986** | **24.986** |
| Набавки | 24.926 | 24.926 |
| Преотстапени постојани средства | 31 | 31 |
| Донација/комјутери | 29 | 29 |
| **Намалување по основ на:** | **14.281** | **14.281** |
| Амортизација | 14.246 | 14.246 |
| Расходовање по Одлука | 27 | 27 |
| Преотстапено возило | 8 | 8 |
| Состојба 31.12.2014 година | 340.256 | 340.256 |

# 1. ВОВЕД

## Дејност

Општина Кочани е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на Општината.

Општина Кочани е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко планирање и уредување на просторот;
2. Заштита на животната средина и природата;
3. Локален економски развој;
4. Комунални дејности;
5. Образование - основање, финансирање и учество во управувањето со основните и средните училишта на нејзиното подрачје;
6. Социјална и детска заштита;
7. Здравствена заштита;
8. Заштита и спасување;
9. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност, и
10. Други работи определени со закон.

## Организациона поставеност

Администрацијата на Општина Кочани е организирана во сектори и одделенија и тоа:

Сектор за правни, јавни дејности и општи работи, во чиј состав се следните одделенија:

- Одделение за правни и општи работи;
- Одделение за јавни дејности.

Сектор за финансиски прашања, во чиј состав се следните одделенија:

- Одделение за буџетска координација;
- Одделение за буџетска контрола;
- Одделение за сметководство и плаќање и
- Одделение за даноци, такси и надоместоци.

Сектор за урбанизам заштита на животна средина и комунални работи, во чиј состав се следните одделенија:

- Одделение за урбанизам и заштита на животна средина и
- Одделение за комунални работи.

Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште, во чиј состав се следните одделенија:

- Одделение за уредување на градежно земјиште и

- Одделение за спроведување постапка за располагање со градежно земјиште.

Сектор за планирање и развој, во чиј состав се следните одделенија:

- Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка;
- Одделение за информатичка комуникациска технологија и ГЕО информациони системи;
- Одделение за инспекциски служби;
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Одделение за управување со човечки ресурси и
- Територијална противпожарна единица на Општина Кочани.

**Интерни акти**

Основен акт на Општина Кочани е Статутот на Општината, со кој се уредуваат прашањата за: надлежност на општината, организација и работа на органите на Општината, општинската организација, акти на Општината, облици за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на Општината, информирање на граѓаните, сопственоста и финансирањето и други прашања од значај за Општината.
Статутот на Општината, согласно Законот за локална самоуправа е донесен 03.05.2006 и измени од 11/2006, 03/2008, 04/2008, 06/2008, 05/2010 и 05/2015 година.
Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Кочани е донесен согласно одредбите од Законот за локална самоуправа од страна на Градоначалникот. Усогласеноста на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Кочани со одредбите од Законот за државни службеници и Законот за локална самоуправа е потврдена од страна на Агенцијата за државни службеници.
Со Правилникот се предвидени потребниот број на извршители, стручната подготовка, работното искуство како и опис и попис на работи и работни задачи за секое работно место.
Изворите на средства за работење на Општина Кочани се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.
Општина Кочани финансиското работење на сметка на органот (637) го извршува преку сметка отворена во рамките на Трезорската сметка: 736014044463716.
Овластено лице за располагање со паричните средства на сметката на Општина Кочани во текот на 2014 година е:

- Ратко Димитровски, градоначалник од април 2009 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основни начела

2.1. Правото на корисниците за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 декември. Сите неплатени обврски од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

2.2. Сите приходи на корисниците и нивните единки корисници, на единиците на локалната самоуправа и на фондовите се искажуваат во нивните буџети.

2.3. Обврските и трошоците се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, а во рамките на проценетите трошоци во нивните буџети.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.4. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување, во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.5. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**Ограничувања**

2.6. Корисниците на буџетите и единките корисници се должни одобрените средства од Буџетот да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.

2.7. Износите на приходите наведени во годишниот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани.

2.8. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.9. Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

2.10. Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

2.11. Буџетските корисници се должни да водат посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи, поединечно по буџетски корисници, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметководствениот план на буџетските корисници.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.12. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

2.13. Буџетските корисници/единките ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски трансакции односно промени, како и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на фискалната година, побарувањата, состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

2.14. Нематеријалните и материјални средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност може да се прикажат групно како ситен инвентар, кој се отпишува еднократно во целина при набавката.

2.15. При проценувањето на нематеријалните и материјални средства, во билансот се внесува износот на не отпишаната вредност на вложувањата, како и износите на набавната и отпишаната вредност.

2.16. Отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишните стапки за отпис на средствата за буџетските корисници/единки корисници.

2.17. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

2.18. Основицата за амортизација се корегира и за дополнителната ревалоризациона вредност на нематеријалните и материјални средства.

2.19. Основица за отпишување на нематеријалните и материјални средства примени без надомест претставува проценетата набавна вредност.

2.20. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејност.

Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.21. Отпишувањето на нематеријалните и материјални средства може привремено да се прекине за средствата што се оштетени од виша сила, до нивното оспособување за користење.

2.22. Обврската за отпишување не се однесува на следниве нематеријалните и материјални средства:

- земјишта и шуми;
- градежни објекти и предметите - споменици на културата, историски споменици, дела на ликовната, вајарската, филмската и друга уметност (освен ако овие објекти не се користат за дејност од која се остваруваат приходи) и книгите во библиотеките;
- патиштата од локално значење со земјена и макадамска подлога, како и објектите кои се нивен составен дел;
- средствата кои трајно се надвор од употреба;
- средства, чија што употреба не е временски ограничена.

2.23. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите, се додека вредноста на нематеријалните и материјални средства не биде во целост надоместена.

2.24. Еднаш отпишано нематеријално и материјално средство, не може да биде предмет на повторно проценување и отпишување, без оглед на тоа што и натаму истото се користи.

2.25. Изворите на капитални средства со кои располагаат и управуваат корисниците на средства од буџетите и фондовите ги сочинуваат:
- Државен - јавен капитал;
- Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови, ситен инвентар и хартии од вредност);
- Тековни обврски;
- Долгорочни обврски, и
- Извори на други средства

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## ПРИХОДИ

### 3.1. Трансфери и донации

### 3.1.1. Трансфери од други нивоа на власт

Во Билансот на приходи и расходи на сметката на орган (637) на Општина Кочани во 2014 година се искажани приходи во износ од 151.787 илјади денари ( во 2013 - 153.273 илјади денари), кои претставуваат трансферирани средства од Буџетот на општината за финансирање на: платите на вработените во општинската администрација, надоместоците на членовите на Советот на Општината, набавката на стоки и услуги, разни трансфери, социјални бенефиции и за капитални расходи.

## РАСХОДИ

### 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на Органот, од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- основни плати на градоначалникот, државните службеници и другите вработени во општинската администрација;
- персонален данок на доход од плата и надоместоци, и
- придонеси од плати за социјално осигурување кое ги содржи придонесите за Пензискиот фонд, Фондот за здравство и Агенцијата за вработување и надоместоци на членовите на советот.

во 000 денари

| Опис | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Плати и надоместоци | 23.116 | 22.087 |
| Придонеси за социјално осигурување | 8.442 | 8.054 |
| Надоместоци | 2.925 | 2.879 |
| Вкупно: | 34.483 | 33.020 |

### 3.2.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на Органот, од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во 2014 година по основ на разновидни расходи од тековната резерва во износ од 132 илјади денари ( 24 илјади денари во 2013 година).

### 3.2.3. Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, патување во земјата - сместување за службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат: платени трошоци за електрична енергија за општинските простории и за улично осветлување, водовод и канализација, други комунални такси и услуги, течни горива, трошоци за пошта, за фиксни и мобилни телефони, за гориво, регистрација на возилата во сопственост на општината и транспорт на луѓе;
- материјали и ситен инвентар кои опфаќаат: набавка на канцелариски материјали, списанија и весници и други изданија, материјали за АОП, прехранбени продукти и пијалаци, средства за одржување на хигиена, лекови, ситен инвентар, други материјали за специјална намена и други материјали;
- поправка и тековно одржување кои опфаќаат: трошоци за поправки и одржување на возила, услуги за обезбедување на објекти, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, одржување на автопати, улици и патишта, одржување на други градби, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема и одржување на други зелени површини;
- договорни услуги, кои опфаќаат: изнајмување на канцелариски простор, осигурување на вработени, осигурување на недвижности и права, осигурување на моторни возила, правни услуги, судски вештачења, плаќање на судски такси, други здравствени услуги, испитување на квалитетот на водите и воздухот, изработка на просторни и урбанистички планови, услуги за копирање, печатење и издавање, рушење на објекти и други договорни услуги;
- други тековни расходи кои опфаќаат: расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи, и
- привремени вработувања кои опфаќаат исплати на лица вработени преку Агенција за времени вработувања.

во 000 денари

| Опис | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 538 | 1.047 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 22.916 | 23.465 |
| Материјали ситен инвентар | 6.732 | 4.308 |
| Поправки и тековно одржување | 11.444 | 12.714 |
| Договорни услуги | 6.096 | 5.553 |
| Други тековни расходи | 2.123 | 1.867 |
| Привремени вработувања | 2.500 | 2.429 |
| Вкупно: | 52.349 | 51.383 |

### 3.2.4. Каматни плаќања

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на Органот, од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во 2014 година, по основ на камата и отплата на кредит во вкупен износ од 600 илјади денари (2013 година – 172 илјади денари).

### 3.2.5. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на Органот, од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во 2014 година по основ на трансфери до невладини организации (здруженија на граѓани и спортски клубови) и разни трансфери (стипендии, државни награди и други разни трансфери) во вкупен износ од 5.042 илјади денари (2013 година – 10.513 илјади денари).

## 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани, и тоа по следните основи:

- купување на опрема и машини што опфаќа: купување на информатичка и видео опрема и купување на друга опрема;
- други градежни објекти што опфаќа: подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати, изградба на улици, патишта и автопати, изградба на улици, патишта и автопати, реконструкција на улици, патишта и автопати, изградба на мостови, изградба на пречистителни станици и колектори, изградба на капацитети за водоснабдување, изградба на капацитети за енергетика, подготвување проекти вклучувајќи дизајн на

другн објекти, изградба на други објекти, реконструкција на други објекти и надзор над изградбата.
- вложувања и не финансиски средства што опфаќа надомест за одземен имот.

во 000 денари

| Опис | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Купување на опрема и машини | 1.482 | 2.595 |
| Други градежни објекти | 52.586 | 51.676 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 1.413 | 3.090 |
| Купување на возила | 0 | 800 |
| **Вкупно** | 55.481 | 58.161 |

### 3.4. Отплата на главнина

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на Органот, од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во 2014 година по основ на отплата на главнина на долгорочен кредит од Светска банка во вкупен износ од 3.700 илјади денари (2013 година – 0 илјади денари).

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ и ги опфаќа паричните средства во благајна и е усогласена со дел од проценетото салдо на пасивни временски разграничувања. Нивната состојба на 31 декември 2014 година изнесува 8 илјади денари (2013 – 2 илјади денари).

### 4.1.2. Побарувања од вработените

Оваа позиција е проценета во износ од 1 илјади денари (во 2013 година – 1 илјади денари) и е усогласена со дел од проценетото салдо на позицијата пасивни временски разграничувања.

### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 21.618 илјади денари (2013 година – 10.626 илјади денари) и е усогласена со дел од проценетото салдо на позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачи и Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените.

## 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Нематеријални средства

На оваа позиција на крајот на 2014 година нематеријалните средства изнесуваат 362 илјади денари (2013 – 278 илјади денари) и се однесуваат на набавениот софтвер за сообраќај и набавен аутокад со кој располага Општината и е усогласена со позицијата Извори на капитални средства.

### 4.2.2. Материјални добра и природни богатства

На оваа позиција евидентирано е земјиште со вредност 958 илјади денари (2013 – 958 илјади денари и е усогласена со позицијата Извори на капитални средства.

### 4.2.3. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на капиталните вложувања за стекнување на градежни и деловни објекти и целокупната опрема и други материјални средства која во смисла на законските прописи ја претставува набавната вредност намалена за исправката на вредноста.
Оваа позиција е проценета во висина од 338.936 илјади денари (2013 година – 328.315 илјади денари), и е усогласена со проценетото салдо на позицијата Извори на капитални средства.
Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| Опис | Применети стапки кај субјектот |
|---|---|
| Градежни објекти | 1,3 |
| Компјутери | 20 |
| Опрема и мебел | 10,12 |
| Возила | 15 |

Состојбата и промените на материјалните средства во 2014 година се прикажани аналитички по групи во следната табела:

во 000 денари

| ОПИС | Градежни објекти | Опрема | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3=од 1 до 2 |
| | 020 | 022 | |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2014** | **374.462** | **39.866** | **414.328** |
| Набавки во текот на годината | 18.470 | 14.705 | 33.175 |
| Опрема донација | | 29 | 29 |
| **Вкупни зголемувања:** | **18.470** | **14.734** | **33.204** |
| Расходување | | 917 | 917 |
| Преотстапени постојани средства | | | - |
| **Вкупно намалување** | **-** | **917** | **917** |
| Ревалоризација | | | - |
| **Состојба на ден 31. Декември 2014** | **392.932** | **53.683** | **446.615** |
| **Исправка на вредност** | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2014** | **53.412** | **32.601** | **86.013** |
| Амортизација за тековната година | 9.852 | 4.286 | 14.138 |
| Преотстапени материјални средства | | 8.409 | 8.409 |
| Расходи и отуѓувања | | (866) | (866) |
| Отстапување без надомест | | (15) | (15) |
| Ревалоризација | | | - |
| **Состојба на ден 31.Декември 2014** | **63.264** | **44.415** | **107.679** |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2014** | **329.668** | **9.268** | **338.936** |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2013** | **321.050** | **7.265** | **328.315** |

ПАСИВА

4.3. Тековни обврски

4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачите

На крајот на 2014 година краткорочните обврски спрема добавувачите во земјата и странство изнесуваат 18.912 илјади денари (2013 година – 8.077 денари).

4.3.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во износ 2.706 илјади денари (2013 година – 2.549 илјади денари) и се однесува за обврска за плати, даноци од плати и придонеси од плати за месец декември 2014 година.

4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција како кореспондентна сметка на позицијата парични средства и Побарувања од вработени изнесува 9 илјади денари (2013 година – 3 илјади денари).

4.4. Извори на деловни средства

4.4.1. Државен-јавен капитал

Проценетата вредност на оваа позиција на 31.12.2014 година е во висина на номиналната вредност на државниот капитал во износ од 340.256 илјади денари (во 2013 година – 329.551 илјади денари).

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
05-236/3
24.02 20 16 год.
КОЧАНИ

# Забелешки по констатациите од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на општина Кочани.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 09.03.2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вр
12 | 119/16

## СМЕТКА НА ОРГАН НА ОПШТИНА КОЧАНИ(637)

### 1.Усогласување со закони и прописи

Препораката од точка **1.1** се прифаќа и во 2016 година Градоначалникот на општината ќе донесе интерен акт за давање на поклони по повод одредени пригоди.

### 2.Финансиски извештаи

Забелешката во точка **2.1** не се прифаќа бидејќи општина Кочани има донесено правилник за начинот и условите за набавка и полнење на гориво за потребите на општината со кои е уреден начинот на набавката и полнењето на горивото и овластени се вработени за полнење на горивото.Не водењето на аналитичка евиденција за потрошокот на гориво е од оправдани причини(овластеното лице во текот на 2014година е на боледување.)

Со комплетирањето на потребната документација за потрошено гориво во 2014година ќе надополни аналитичката евиденција и ќе продолжиме со континуирано водење на аналитичката евиденција на потрошено гориво во наредниот период.

### 4.1 Систем на интерни контроли во процесот на спроведување на плаќања

Препораката од точка **4.1.1** за изготвување на Методологија за спроведување на Планот за воспоставување и развој на ФУК и изготвување и донесување на Стратегија за управување со ризици се прифаќа и согласно ЗЈВФК ќе постапиме.

### 4.2 Усогласеност со закони и прописи

Препораката од точка **4.2.1** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. -389(0)33/274-001 • Факс -389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


**4.3 Финансиски извештаи**

За забелешката од точка **4.3.1** општина Кочани при изработка на Програмите за јавна чистота и паркови и зеленило ќе ги дефинира условите за превземање на финансиска обврска со тоа што истите треба да бидат превземани на ниво на остварените приходи.

Забелешката од точка **4.3.2**

**-алинеја 1 и 2** не се прифаќа бидејќи е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба и вредносно пресметување на утврдените материјални разлики и е изготвен преглед за основните средства кои се предложени за расходување од пописната комисија.

**-алинеја 3** не се прифаќа бидејќи согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници општина Кочани освен дневник,главна книга (книга на приходи и расходи и книга на средствата,обврските и изворите на средствата) води и помошни книги (аналитичка евиденција за материјални средства и превземените обврски) каде целосно и комплетирано, навремено, ажурно и хронолошки се прикажани сите промени, односно точно го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.Причините за не измирување на обврските према додавувачите и кредиторите не се наведени бидејќи истите се измируваат согласно роковите утврдени во договорите спроведени со јавна набавка.

Препораката од точка **4.3.3** се прифаќа и веќе се постапува по истата.

**4.4 Користење на средствата согласно законски прописи**

Препораката од точка **4.4.1** е веќе во примена бидејќи во постапка за јавна набавка за надзор на инвестициони активности во спецификацијата е вклучена и позиција –надзор на набавка на готов бетон и негово вградување.

**Јавни набавки**

Препораката од точка **4.4.2** се прифаќа ќе се постапи по истата.

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**СМЕТКА НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ(630)**

**Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

Забелечката од точка **4.1.2 алинеја 1** не се прифаќа бидејќи Одделение за даноци такси и надоместоци не може да врши траен отпис на задолжувања на правни лица за кои не е поведена и завршена постапка за ликвидација или стечај и истите се задолжуваат со комунална такса –фирмарина.

Забелечката од точка **4.1.2 алинеја 2** не се прифаќа бидејќи вредносно усогласување на даночното и финансиското сметководство се врши на крајот од годината поткрепена со соодветна документација за ликвидација,окончан стечај или бришење на правното или физичко лице од една страна и тековна состојба од правно или физичко лице за упис во трговскиот регистар.

**Системски слабости и неправилности во ИТ системот на општината**

Препораката од точка **4.1.3** се прифаќа ќе се постапи по истата.

**4.2 Усогласеност со закони и прописи**

Забелешката од точка **4.2.1** не се прифаќа бидејќи извршувањето на буџетските приходи е 91,55%,а извршувањето на буџетските расходи е со 88,82% што по наше мислење е висок процент на реализација.

Проекцијата на капиталните приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште и продажба на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање е направена од искуството од претходните години,како реално очекуван приход во однос на локацијата на парцелите кои се предмет на отуѓување.

Општина Кочани ги има создадено сите услови за парцелите кои се лицитираат да бидат атрактивни,но постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија е по пат на лицитација ,цената по метар квадратен зависи од понудата и со тоа општина Кочани не може директно да влијае на крајниот резултат.

Сметаме дека реализацијата на вкупните приходи и вкупните расходи е со висок процент.

# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Забелешката од точка **4.2.2** од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Општина Кочани која се однесува на тоа дека треба да го усогласиме Правилникот за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на општина Кочани донесен во 2009година со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, не се прифаќа поради следните правни причини: **Со измените на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост** (Службен весник на Република Македонија бр. 153/2015) се уредува **постапката за** давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и **давање под закуп на недвижни и продажба на движни ствари во општинска сопственост**, како и продажба на ствари за кои е издаден за предбележување на градба во корист на општините. Согласно член 67 од Законот за изменување на законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 153/2015) одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање соодветно **се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижните ствари во општинска сопственост**, освен во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита. Следователно на горенаведено Општина Кочани од стапувањето во сила на овие законски одредби (2015 година) истите соодветно ги применува. Правилникот за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на општина Кочани донесен во 2009година, од 2015 година воопшто не го применуваме и не постапуваме по него, од причина што истиот беше донесен од Советот на општина Кочани во 2009 година во отсуство на постоечки законски прописи за постапување со стварите во општествена сопственост кога тогашниот Закон за користење и располагање со стварите на државните органи (Службен весник на Република Македонија бр.8/15, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14) се однесуваше само на користење и располагање со стварите на државните органи, но не и на стварите на општините, **Со донесување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015) Општина Кочани од 2015 година при спроведување на постапките за давање под закуп на ствари во општинска сопственост ги применува одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015), и воопшто не работи и не го применува горенаведениот правилник.**

Препораката од точка **4.2.4** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Препораката од точка **4.2.5** се прифаќа и ќе се постапи по истата, но сакаме да потенцираме дека во текот на ревизијата изготвен е Заклучок за плаќање на разликата,а од барателот за утврдување на правен статус е извршена уплата .

Препораката од точка **4.2.6** се прифаќа ќе се постапи по истата.

# Општина Кочани

Раде Краговче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Со останатите прашања **7.1.1,7.1.2 и 7.1.3** се согласуваме и се надеваме дека законодавецот ќе изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

**СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ(937)**

Позитивно мислење без препораки

**СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ(930)**

**3.1 Усогласеност со закони и прописи**

Препораката од точка **3.1** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Се надеваме дека забелешките со кои не се согласуваме ќе бидат земени во предвид,а со останатите ќе превземеме мерки за нивно надминување.

Со почит,

Изготвил:ДР

Градоначалник на општина Кочани

Ратко Димитровски

Одговор
на забелешки/коментари/известувања на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 09.03.2016 година добиени се забелешки/коментари/известувања на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Општина Кочани бр. 05-236/3 од 24.02.2016 година, од раководното лице Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12 -119/6 од 09.03.2016 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2. алинеа** 1 која се однесува на тоа дека во евиденцијата на општината постојат неактивни фирми од 2005 година за кои не е поведена постапка за ликвидација и стечај, истите се задолжуваат со комунална такса за фирма кое има влијание на реалноста на побарувањата по овој основ, **не се прифаќа**. Ревизијата ја констатира состојбата која е еден од ризиците и има влијание на реалноста на побарувањата по овој основ.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2. алинеја 2** која се однесува дека во текот на годината постои неусогласеност помеѓу евиденцијата во даночното и финансиското сметководство по основ на побарувања од правни лица во делот на комуналните такси за фирма, **не се прифаќа** поради тоа што со дадената забелешка Општина Кочани ги објаснува причините за утврдените состојби за што не се доставени дополнителни докази за да се оспори утврдената состојба.

3. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.1.3.** која се однесува на системските слабости и неправилности во ИТ системот на општината претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на тоа дека со ребалансот на буџетот во октомври 2014 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните **не се прифаќа**, поради тоа што и покрај тоа што е висок процентот на извршување

на приходите/расходите констатацијата се однесува на тоа дека кај одделни ставки има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените кое се должи на нереалното планирање.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на тоа дека користењето на стварите во сопственост на општината е уредено со Правилник за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Кочани донесен во 2009 година, по кој за давање на користење на ствари во сопственост на Општина Кочани одлучува градоначалникот, **не се прифаќа** поради недоставени докази со кои ќе се потврди дека Правилникот не се применува.

6. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.4.** која се однесува за неизготвен и доставен Годишен извештај за 2014 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски) претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

7. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.5.** која се однесува за нецелосно утврдување на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, непочитување на процедурите за внатрешна контрола и помалку остварени приходи на Општината претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

8. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.6.** која се однесува за непресметана комунална такса за истакнување на реклами на рекламни паноа на различни локации претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

Сметка на основен буџет (637)

9. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува за неизготвена Методологија за спроведување на Планот за воспоставување и развој на ФУК и недонесена Стратегија за управување со ризици претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

10. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува за привремени вработувања во Општина Кочани кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување претставува **известување** дека

дадената препорака се прифаќа.

11. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.3.1.** која се однесува за неусогласеност на обврските со КЈП „Водовод" Кочани а кое произлегува од реализација на Програмите - јавна чистота и паркови и зеленило претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

12. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 1 и 2** која се однесува на тоа дека не е извршено внесување на сметководствената /материјална состојба на средствата во пописните листи и не е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба **не се прифаќа**, поради тоа што во пописните листи има само опис на основното средство и количина без набавната вредност, исправката и сегашната вредност по книговодство и по попис, а на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите во извештајот.

13. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 3 и 4** која се однесува на тоа дека не е извршено вредносно пресметување на утврдените материјални разлики, дека не е утврдена состојбата на преземените обврски односно дека се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не се утврдени причините за неизмирените обврски према добавувачите и кредиторите **не се прифаќа**, а дадената забелешка **претставува известување** за начинот на постапување/ евидентирање на материјалните средства и обврските.

14. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.3.3.** која се однесува за капиталните вложувања и нивното неевидентирање како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

15. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.4.1.** која се однесува за набавка на готов бетон за потребите на Општината и немање надзор за вградување на истиот претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

16. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.4.2.** која се однесува за необезбедени банкарски гаранции во периодот на вршење на работите согласно склучените договори претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1.
2.
3.

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

17. Забелешката за констатираните состојби во **точката 3.1.** која се однесува на тоа дека Општина Кочани нема изготвено мерила и критериуми за распределба на блок дотации од одделни области кое има влијание на транспарентната распределба на овие средства по корисници претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

# Преглед на резултатите

**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 1403-482/6 од 10.10.2008 година за Општина Кочани**

| Препо рака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препор аката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 11.1.1 | - Градоначалникот да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контролата и движењето на сметководствените документи.<br>- Одделението за финансии да воведе материјална евиденција за набавката и издавањето на материјалите обезбедувајќи документирани докази за употреба на истите од одделението за комуналии. | ДС | Донесени процедури за сите поважни процеси (готовинско и безготовинско плаќање) во во кои јасно се дефинирани надлежностите и одоговорностите и воспоставен е целосен систем на контрола, преку комплетирање на сметководствената документација, | По изјава на надлежните лица не постои потреба од материјална евиденција од причина што набавката на материјалите е сукцесивна согласно потребите на Општината по извршена нарачка и барање. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | контрола, подготовка на документација за плаќање и нејзино одобрување, плаќање и нивно евидентирање во сметководствената евиденција. | |
| 2 | 11.2.1. | Централната пописна комисија и комисиите за попис да го вршат пописот согласно Упатството донесено од Градоначалникот на општина Кочани. | ДС | Со извршениот попис на материјалните средства со состојба на 31.12.2014 година извршено е усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството. | Пописот не е извршен целосно согласно донесеното Упатство, односно пописните листи ја содржат само количината на материјалните средства утврдена со пописот но не и состојбата од сметководството (набавна вредност, исправка, амортизација, сегашна вредност и разлики). |
| 3 | 11.2.2. | - Да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на материјалите и ситниот инвентар;<br>- Сметководствените трансакции да | НС | | Во Општина Кочани во 2014 година нема набавка на материјали и ситен инвентар. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | бидат поткрепени со соодветни сметководствени документи. | | | |
| 4 | 11.3.1. | Да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните позиции за материјалните и нематеријалните средства и државниот-јавен капитал. | ДС | Воспоставена е сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните позиции за материјалните и нематеријалните средства и државниот - јавен капитал, односно на како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек. | Евидентирањето на капиталните вложувања на позицијата материјални средства во подготовка или инвестиции во тек не се врши во текот на годината, туку само на крај од годината со добивање на записник за завршена работа.<br>Дел од капиталните вложувања не се книжат на Инвестиции во тек и државен јавен капитал поради тоа што работите сеуште не се завршени. |
| 5 | 11.4.1. | Исплатите на надоместоци на членовите на Советот да се вршат согласно одредбите од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и | СП | Сите исплати на Советот се во согласност со позитивната Законска регулатива. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | другите избрани и именувани лица во Републиката. | | | |
| 6 | 11.4.2. | Градоначалникот на Општина Кочани да донесе акт за:<br>- регулирање на начинот на користење на верна картичките за гориво и набавка на гориво со фактури;<br>- овластување кои лица можат да набавуваат-полнат гориво и<br>- можноста за користење на приватни возила за службени цели.<br>Да се изготвуваат налози за користење за сите возила и да се воведе аналитичка евиденција за секое возило заради следење на поминатата километража и потрошокот на гориво. | ДС | Донесен е Правилник за начинот за условите за набавка и полнење на гориво за потребите на Општина Кочани:<br>-не се користат верна картички;<br>-определено е кои вработени се овластени за користење на возилата;<br>- не е предвидена можност за користење на приватни возила за службени цели;<br>-изготвените налози за користење на возилата се проследуваат до сметководство до април 2014 година, после тој период не поради тоа што нема кој да ги потврди; | Налозите за користење на возила се изготвуваат и после периодот од април 2014 година но истите не се потврдени од овластено лице (шефот на возен парк), поради што и нема аналитичка евидернција после април 2014 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -се води аналитичка евиденција по возила на поминати километри и потрошувачка на гориво до април 2014 година. | |
| 7 | 11.5.1. | Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката. | СП | Комисијата за јавни набавки, во сите спроведени постапки за јавни набавки има изјави за непостоење на конфликт на интереси. | |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2014 ГОДИНА НА ОПШТИНА КОЧАНИ
# СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

01 2015 07 04/3

Скопје, март 2016

СОДРЖИНА

| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1- 6 |
| Финансиски извештаи за 2013 и 2014 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Биланс на состојба | 8 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 9 |
| - Сметководствени политики | 9 - 11 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 11 - 14 |
| Прилози | |
| Прилог 1 - Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 - Одговор на Забелешки на Нацрт извештај | |

ДЗР
државен завод за ревизија

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12 - 119/9
Дата: 21.03.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кочани за 2014 година.

За финансиските извештаи за 2014 година на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кочани изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност со закони и прописи.

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кочани за 2007 година не се дадени препораки.

На оваа сметка се евидентирани трансфери од централаната власт по основ на блок дотации од обласа на образованието (основно и средно), детската заштита, социјалната заштита, културата и наменски дотации за пожарникарството.

Општина Кочани нема изготвено и донесено на седница на совет мерила и критериуми за распределба на блок дотации од одделни области на единките корисници, кое има влијание на транспарентноста при распределбата на блок дотациите.

Од страна на законскиот застапник на Општина Кочани добиена е забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истата претставува инфомирање дека дадената препорака се прифаќа, така да утврдената состојба останува непроменета во Конечниот извештај.

Ревизорски тим:
1. ____
2. ____
3. ____

Овластен државен ревизор

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кочани на сметката на приходи на буџет на дотации (930), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2007 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кочани за 2007 година. За веситинитиста и објективноста на финансиската состојба на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кочани од 31.12.2007 година и резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година изразено е мислење без резерва.

1.3. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани од 2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 12.11.2015 до 13.11.2015 година кај Општина Кочани од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Лила Зафировска, виш ревизор и овластен државен ревизор,
- Елена Грнарова, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Халит Рамадани, помлад ревизор.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 03.12.2015 година.

На ден 09.03.2016 година со писмо број 05-236/3 од 24.02.2016 година примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 12-119/1 од 27.01.2016 година.
Забелешката е разгледана и е оценето дека истата претставува инфомирање дека дадената препорака се прифаќа, така да утврдената состојба останува непроменета во Конечниот извештај.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

Општина Кочани нема изготвено мерила и критериуми за распределба на блок дотации од одделни области кое има влијание на транспарентната распределба на овие средства по корисници. На сметката приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кочани на ден 31 декември 2014 година има неискористени средства од

корисниците на дотации во износ од 877 илјади денари. Во однос на вкупните приходи на сметката овие средства учествуваат незначително со 0,36%. Дел од средствата во износ од 3.172 илјада денари, што претставуваат 1,29% од средствата се дотирани на сметката во последната недела од месец декември 2014 година така до крајот на буџетската година реално не можеле да бидат трансферирани до корисниците.

Непостоење на критериуми за распределба на блок дотациите може да доведе до субјективен пристап и слабости во распределбата на средствата.

Препорака:

Градоначалникот да преземе активности за изготвување на критериуми за распределба на средствата за блок дотации, а советот на Општина Кочани да ги разгледа и усвои изготвените критериуми.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кочани на ден 31 декември 2014 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 5. Останати прашања

5.1. Блок дотациите кои ги добива Општина Кочани за средното образование не се доволни да се покријат расходите кои се однесуваат за организирање на бесплатен превоз на учениците во двете средни училишта согласно одредбите од Законот за средно образование. Дотацијата за материјалните трошоци за средните училишта во Општината за 2015 година изнесува 19.057 илјади денари, а обврските само за превоз за истата година се околу 19.000 илјади денари.

Оваа состојба придонесува за потреба од дополнителни средства од основниот буџет на општината како и за зголемување на обврските према превозниците. Вакви состојби се актуелни кај повеќе општини во Република Македонија.

Ваквите состојби се актуелни подолг период, а се резултата на следното:

- Воведување на задолжително средно образование од учебната 2008/2009 година како и воведување на бесплатен превоз за учениците;
- Префрлање на недоволно средства со блок дотациите, а малиот износ на дотацијата за материјални трошоци не можеда ги покрие сите трошоци;
- Критериумите според кои се врши распределба на средствата од блок дотации до општините подолг период не се променети;
- Училиштата опфаќаат повеќе ученици, меѓу кои и ученици од другите општини каде што нема средни училишта, или ја нема струката, односно профилот кој се изучува, бидејќи за обезбедување на превозот е одговорна општината каде средношколците посетуваат настава. Во средните училишта во Општина Кочани има ученици и од околните општини: Чешиново-Облешево, Виница, Македонска Каменица, Берово, Делчево и Штип.

Со цел да се надминат истакнатите слабости потребно е Министерството за образование и наука во координација со Владата на Република Македонија во соработка со единиците на локална самоуправа да преземат мерки и активности во насока на изнаоѓање на нови решенија со превозот на учениците.

ОПШТИНА КОЧАНИ

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| Приходи | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 246.833 | 246.894 |
| Вкупно приходи | | 246.833 | 246.894 |
| Расходи | | | |
| Тековни расходи | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 208.227 | 207.157 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 35.964 | 35.534 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 289 | 96 |
| Вкупно тековни расходи | | 244.480 | 242.787 |
| Капитални расходи | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 1.476 | 2.708 |
| Вкупно капитални расходи | | 1.476 | 2.708 |
| Вкупно расходи | | 245.956 | 245.495 |
| Суфицит(вишок) на приходи | | 877 | 1.399 |

ОПШТИНА КОЧАНИ

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 877 | 1.399 |
| Вкупно тековни средства | | 877 | 1.399 |
| Вкупна актива | | 877 | 1.399 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 877 | 1.399 |
| Вкупно тековни обврски | | 877 | 1.399 |
| Вкупна пасива | | 877 | 1.399 |

## 1. ВОВЕД

Општина Кочани е единица на локална самоуправа формирана согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Општина Кочани од Буџетот на Република Македонија добива приходи по основ на блок дотации согласно член 10 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Буџетот на Република Македонија за средствата кои се обезбедени согласно одредбите од Законот за буџетите и од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во корист на сметката на приходи на буџет на дотации (930) врши уплати по основ на блок дотации од областа на образованието и детската заштита и културата.

Средствата се користат за следните намени: основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување, останати придонеси од плата, патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправка и тековно одржување, договорни услуги и други тековни расходи.

Општинските буџетски корисници ги користат овие средства согласно финансиските планови. Истите во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесуваат, до градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Општина Кочани финансиското работење на сметката за приходи на буџет дотации (930) го врши преку сметката 736014044493012, во рамки на Трезорската сметка.

Овластен потписник на сметката е:

- Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани од 2009 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Основни начела

2.1. Со дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

2.2. Од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следните видови на дотации:
- наменска дотација;
- блок дотација и
- дотација за делегирана надлежност.

2.3. Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

2.4. Надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменските и блок дотациите.

2.5. Дотациите се користат за финансирање на конкретна активност.

2.6. Надлежните министерства и фондовите му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските и блок дотациите по општини, по проект и инструкција и/или програми со буџетска пресметка за следната буџетска година.

2.7. Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на наменските и блок дотации.

2.8. При констатирање на неправилности во користењето на дотациите, надлежните министерства и фондовите ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

2.9. Дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.10. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.11. Сметководственото начело на парично искажување значи приходите и другите приливи да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите и другите приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно. Приходите и другите приливи се расположиви кога се остварени во пресметковниот период.

2.12. Сметководственото начело на парично искажување значи расходите и другите одливи да се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

Ограничување

2.13. Корисниците на средствата на дотации се должни утврдените средства да ги користат наменски, рационално и економично и не смеат да презимаат обврски над лимитот од одобрените средства.

Биланс на состојба

2.14. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на добиените износи од Буџетот на Република Македонија за средствата кои се обезбедени согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по основ на блок дотации како дополнителни приходи за финансирање на надлежности определени со закон од областа на образованието.
Оваа позиција во 2014 година е проценета во износ од 246.833 илјади денари (2013 година – 246.894 илјади денари). Со буџетот на Општина Кочани за 2014 година предвидени се приходи во износ од 240.063 илјади денари.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- основни плати и надоместоци кои опфаќаат основни плати за други вработени, додатоци на плати и персонален данок на доход на плати и надоместоци и
- придонеси за социјално осигурување од работодавачите кои опфаќаат: основни придонеси за ПИО, придонес за бенифициран стаж, основни

придонеси за здравство, основен придонес за професионално заболување и основен придонес до Агенцијата за вработување.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Плати и надоместоци | 147.346 | 151.772 | 150.989 | (4.426) |
| Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 54.569 | 56.455 | 56.168 | (1.886) |
| Вкупно: | 201.915 | 208.227 | 207.157 | (6.312) |

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи кои опфаќаат: патување во земјата-хранарина (дневници), патување во земјата-патни расходи и патување во земјата-сместување;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, кои опфаќаат: електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, други комунални такси и услуги, централно греење, дрва, течни горива, пошта, телефон и телефакс, други трошоци за комуникација, горива и масла, регистрација на моторни возила и транспорт на луѓе;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат: канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, униформи, обувки, прехранбени продукти и пијалаци, училишни материјали, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар и други материјали ;
- поправки и тековно одржување кои опфаќаат: поправки и сервисирање на лесни возила, одржување на згради, услуги за обезбедување на објекти, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, поправки и одржување на мебел, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема и поправки, одржување на друга опрема, одржување на зелени површини и одржување на други зелени површини;
- договорни услуги кои опфаќаат: осигурување на недвижности и права, осигурување на моторни возила, други финансиски услуги, правни услуги, примарна здравствена заштита, други здраствени услуги, изработка на просторни и урбанистички планови, обука за техничка култура, услуги за

развој на наставниот план, превозни услуги во образованието, други образовни услуги;
- други тековни расходи кои опфаќаат: членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи и
- привремени вработувања кои опфаќаат расходи за привремени вработувања.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Патни и дневни расходи | 185 | 181 | 150 | 4 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 15.215 | 15.155 | 17.429 | 60 |
| Материјали и ситен инвентар | 3.153 | 3.140 | 3.011 | 13 |
| Поправка и тековно одржување | 1.878 | 1.874 | 1.690 | 4 |
| Договорни услуги | 11.344 | 11.332 | 10.442 | 12 |
| Други тековни расходи | 480 | 476 | 390 | |
| Привремени вработувања | 3.858 | 3.806 | 2.422 | 52 |
| **Вкупно:** | 36.113 | 35.964 | 35.534 | 149 |

### 3.2.3. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Расходите во текот на 2014 година изнесуваат 289 илјади денари (2013 година 96 илјади денари) и тоа за трансфери при пензионирање и други трансфери.

## 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Расходите во текот на 2014 година изнесуваат 1.476 илјади денари (2013 година 2.708 илјади денари) и тоа за следните основи:
- купување на опрема и машини што опфаќа: купување на канцелариска опрема, купување на информатичка и друга опрема и купување на друга опрема;
- други градежни објекти што опфаќаат: реконструкција на други објекти;
- купување на мебел што опфаќаат: купување на канцелариски мебел и купување на училиштен мебел и

- вложување и нефинансиски средства што опфаќаат купување на книги за библиотеки и учебници.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2014 | 2014 | 2013 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Купување на опрема и машини | 330 | 329 | 497 | 1 |
| Други градежни објекти | 784 | 530 | 1.670 | 254 |
| Купување на мебел | 20 | 20 | 0 | 0 |
| Вложување и нефинансиски средства | 600 | 597 | 541 | |
| Вкупно: | 1.734 | 1.476 | 2.708 | 255 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ и ги опфаќа паричните средства што се на сметката за приходи на буџет на дотации, како и вкупниот промет на паричните средства што се врши преку сметката. Состојбата на 31 декември 2014 година изнесува 877 илјади денари (2013 година – 1.399 илјади денари).

## ПАСИВА

### 4.2. Краткорочни обврски

#### 4.2.1. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина на дел од вишокот на приходите пренесени во наредната година во вкупен износ од 877 илјади денари (2013 година – 1.399 илјади денари).

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
05-236/3
24.02 2016 год.
КОЧАНИ

## Забелешки по констатациите од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на општина Кочани.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 09.03.2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вр.
12 | 119/16 | |

**СМЕТКА НА ОРГАН НА ОПШТИНА КОЧАНИ(637)**

**1.Усогласување со закони и прописи**

Препораката од точка **1.1** се прифаќа и во 2016 година Градоначалникот на општината ќе донесе интерен акт за давање на поклони по повод одредени пригоди.

**2.Финансиски извештаи**

Забелешката во точка **2.1** не се прифаќа бидејќи општина Кочани има донесено правилник за начинот и условите за набавка и полнење на гориво за потребите на општината со кои е уреден начинот на набавката и полнењето на горивото и овластени се вработени за полнење на горивото.Не водењето на аналитичка евиденција за потрошокот на гориво е од оправдани причини(овластеното лице во текот на 2014година е на боледување.)

Со комплетирањето на потребната документација за потрошено гориво во 2014година ќе надополни аналитичката евиденција и ќе продолжиме со континуирано водење на аналитичката евиденција на потрошено гориво во наредниот период.

**4.1 Систем на интерни контроли во процесот на спроведување на плаќања**

Препораката од точка **4.1.1** за изготвување на Методологија за спроведување на Планот за воспоставување и развој на ФУК и изготвување и донесување на Стратегија за управување со ризици се прифаќа и согласно ЗЈВФК ќе постапиме.

**4.2 Усогласеност со закони и прописи**

Препораката од точка **4.2.1** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. -389(0)33/274-001 • Факс . -389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**4.3 Финансиски извештаи**

За забелешката од точка **4.3.1** општина Кочани при изработка на Програмите за јавна чистота и паркови и зеленило ќе ги дефинира условите за превземање на финансиска обврска со тоа што истите треба да бидат превземани на ниво на остварените приходи.

Забелешката од точка **4.3.2**

**-алинеја 1 и 2** не се прифаќа бидејќи е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба и вредносно пресметување на утврдените материјални разлики и е изготвен преглед за основните средства кои се предложени за расходување од пописната комисија.

**-алинеја 3** не се прифаќа бидејќи согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници општина Кочани освен дневник,главна книга (книга на приходи и расходи и книга на средствата,обврските и изворите на средствата) води и помошни книги (аналитичка евиденција за материјални средства и превземените обврски) каде целосно и комплетирано, навремено, ажурно и хронолошки се прикажани сите промени, односно точно го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.Причините за не измирување на обврските према додавувачите и кредиторите не се наведени бидејќи истите се измируваат согласно роковите утврдени во договорите спроведени со јавна набавка.

Препораката од точка **4.3.3** се прифаќа и веќе се постапува по истата.

**4.4 Користење на средствата согласно законски прописи**

Препораката од точка **4.4.1** е веќе во примена бидејќи во постапка за јавна набавка за надзор на инвестициони активности во спецификацијата е вклучена и позиција –надзор на набавка на готов бетон и негово вградување.

**Јавни набавки**

Препораката од точка **4.4.2** се прифаќа ќе се постапи по истата.

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**СМЕТКА НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ(630)**

**Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

Забелечката од точка **4.1.2 алинеја 1** не се прифаќа бидејќи Одделение за даноци такси и надоместоци не може да врши траен отпис на задолжувања на правни лица за кои не е поведена и завршена постапка за ликвидација или стечај и истите се задолжуваат со комунална такса –фирмарина.

Забелечката од точка **4.1.2 алинеја 2** не се прифаќа бидејќи вредносно усогласување на даночното и финансиското сметководство се врши на крајот од годината поткрепена со соодветна документација за ликвидација,окончан стечај или бришење на правното или физичко лице од една страна и тековна состојба од правно или физичко лице за упис во трговскиот регистар.

**Системски слабости и неправилности во ИТ системот на општината**

Препораката од точка **4.1.3** се прифаќа ќе се постапи по истата.

**4.2 Усогласеност со закони и прописи**

Забелешката од точка **4.2.1** не се прифаќа бидејќи извршувањето на буџетските приходи е 91,55%,а извршувањето на буџетските расходи е со 88,82% што по наше мислење е висок процент на реализација.

Проекцијата на капиталните приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште и продажба на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање е направена од искуството од претходните години,како реално очекуван приход во однос на локацијата на парцелите кои се предмет на отуѓување.

Општина Кочани ги има создадено сите услови за парцелите кои се лицитираат да бидат атрактивни,но постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија е по пат на лицитација ,цената по метар квадратен зависи од понудата и со тоа општина Кочани не може директно да влијае на крајниот резултат.

Сметаме дека реализацијата на вкупните приходи и вкупните расходи е со висок процент.

Општина Кочани

*Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија*

*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*

*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

Забелешката од точка **4.2.2** од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Општина Кочани која се однесува на тоа дека треба да го усогласиме Правилникот за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на општина Кочани донесен во 2009година со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, не се прифаќа поради следните правни причини: **Со измените на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост** (Службен весник на Република Македонија бр. 153/2015) **се уредува постапката за** давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и **давање под закуп на недвижни и продажба на движни ствари во општинска сопственост,** како и продажба на ствари за кои е издаден за предбележување на градба во корист на општините. Согласно член 67 од Законот за изменување на законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 153/2015) одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање соодветно **се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижните ствари во општинска сопственост,** освен во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита. Следователно на горенаведено Општина Кочани од стапувањето во сила на овие законски одредби (2015 година) истите соодветно ги применува. Правилникот за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на општина Кочани донесен во 2009година, од 2015 година воопшто не го применуваме и не постапуваме по него, од причина што истиот беше донесен од Советот на општина Кочани во 2009 година во отсуство на постоечки законски прописи за постапување со стварите во општествена сопственост кога тогашниот Закон за користење и располагање со стварите на државните органи (Службен весник на Република Македонија бр.8/15, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14) се однесуваше само на користење и располагање со стварите на државните органи, но не и на стварите на општините. **Со донесување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015) Општина Кочани од 2015 година при спроведување на постапките за давање под закуп на ствари во општинска сопственост ги применува одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015), и воопшто не работи и не го применува горенаведениот правилник.**

Препораката од точка **4.2.4** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Препораката од точка **4.2.5** се прифаќа и ќе се постапи по истата, но сакаме да потенцираме дека во текот на ревизијата изготвен е Заклучок за плаќање на разликата,а од барателот за утврдување на правен статус е извршена уплата .

Препораката од точка **4.2.6** се прифаќа ќе се постапи по истата.

# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Со останатите прашања **7.1.1,7.1.2 и 7.1.3** се согласуваме и се надеваме дека законодавецот ќе изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

**СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ(937)**

Позитивно мислење без препораки

**СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ(930)**

**3.1 Усогласеност со закони и прописи**

Препораката од точка **3.1** се прифаќа и ќе се постапи по истата.

Се надеваме дека забелешките со кои не се согласуваме ќе бидат земени во предвид,а со останатите ќе превземеме мерки за нивно надминување.

Со почит,

Изготвил:ДР

Градоначалник на општина Кочани

Ратко Димитровски

---------------------------------

ОПШТИНА КОЧАНИ

Одговор
на забелешки/коментари/известувања на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 09.03.2016 година добиени се забелешки/коментари/известувања на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Општина Кочани бр. 05-236/3 од 24.02.2016 година, од раководното лице Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12 -119/6 од 09.03.2016 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2. алинеа 1** која се однесува на тоа дека во евиденцијата на општината постојат неактивни фирми од 2005 година за кои не е поведена постапка за ликвидација и стечај, истите се задолжуваат со комунална такса за фирма кое има влијание на реалноста на побарувањата по овој основ, **не се прифаќа**. Ревизијата ја констатира состојбата која е еден од ризиците и има влијание на реалноста на побарувањата по овој основ.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2. алинеја 2** која се однесува дека во текот на годината постои неусогласеност помеѓу евиденцијата во даночното и финансиското сметководство по основ на побарувања од правни лица во делот на комуналните такси за фирма, **не се прифаќа** поради тоа што со дадената забелешка Општина Кочани ги објаснува причините за утврдените состојби за што не се доставени дополнителни докази за да се оспори утврдената состојба.

3. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.1.3.** која се однесува на системските слабости и неправилности во ИТ системот на општината претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на тоа дека со ребалансот на буџетот во октомври 2014 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните **не се прифаќа,** поради тоа што и покрај тоа што е висок процентот на извршување

на приходите/расходите констатацијата се однесува на тоа дека кај одделни ставки има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените кое се должи на нереалното планирање.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на тоа дека користењето на стварите во сопственост на општината е уредено со Правилник за услови и начини за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Кочани донесен во 2009 година, по кој за давање на користење на ствари во сопственост на Општина Кочани одлучува градоначалникот, **не се прифаќа** поради недоставени докази со кои ќе се потврди дека Правилникот не се применува.

6. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.4.** која се однесува за неизготвен и доставен Годишен извештај за 2014 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски) претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

7. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.5.** која се однесува за нецелосно утврдување на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, непочитување на процедурите за внатрешна контрола и помалку остварени приходи на Општината претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

8. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.6.** која се однесува за непресметана комунална такса за истакнување на реклами на рекламни паноа на различни локации претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

Сметка на основен буџет (637)

9. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува за неизготвена Методологија за спроведување на Планот за воспоставување и развој на ФУК и недонесена Стратегија за управување со ризици претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

10. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува за привремени вработувања во Општина Кочани кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување претставува **известување** дека

дадената препорака се прифаќа.

11. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.3.1.** која се однесува за неусогласеност на обврските со КЈП „Водовод" Кочани а кое произлегува од реализација на Програмите - јавна чистота и паркови и зеленило претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

12. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 1 и 2** која се однесува на тоа дека не е извршено внесување на сметководствената /материјална состојба на средствата во пописните листи и не е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба **не се прифаќа**, поради тоа што во пописните листи има само опис на основното средство и количина без набавната вредност, исправката и сегашната вредност по книговодство и по попис, а на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите во извештајот.

13. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 3 и 4** која се однесува на тоа дека не е извршено вредносно пресметување на утврдените материјални разлики, дека не е утврдена состојбата на преземените обврски односно дека се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не се утврдени причините за неизмирените обврски према добавувачите и кредиторите **не се прифаќа**, а дадената забелешка **претставува известување** за начинот на постапување/ евидентирање на материјалните средства и обврските.

14. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.3.3.** која се однесува за капиталните вложувања и нивното неевидентирање како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

15. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.4.1.** која се однесува за набавка на готов бетон за потребите на Општината и немање надзор за вградување на истиот претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

16. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.4.2.** која се однесува за необезбедени банкарски гаранции во периодот на вршење на работите согласно склучените договори претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

17. Забелешката за констатираните состојби во **точката 3.1.** која се однесува на тоа дека Општина Кочани нема изготвено мерила и критериуми за распределба на блок дотации од одделни области кое има влијание на транспарентната распределба на овие средства по корисници претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

дадената препорака се прифаќа.

11. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.3.1.** која се однесува за неусогласеност на обврските со КЈП „Водовод" Кочани а кое произлегува од реализација на Програмите - јавна чистота и паркови и зеленило претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

12. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 1 и 2** која се однесува на тоа дека не е извршено внесување на сметководствената /материјална состојба на средствата во пописните листи и не е извршено утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба **не се прифаќа**, поради тоа што во пописните листи има само опис на основното средство и количина без набавната вредност, исправката и сегашната вредност по книговодство и по попис, а на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите во извештајот.

13. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 3 и 4** која се однесува на тоа дека не е извршено вредносно пресметување на утврдените материјални разлики, дека не е утврдена состојбата на преземените обврски односно дека се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не се утврдени причините за неизмирените обврски према добавувачите и кредиторите **не се прифаќа**, а дадената забелешка **претставува известување** за начинот на постапување/ евидентирање на материјалните средства и обврските.

14. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.3.3.** која се однесува за капиталните вложувања и нивното неевидентирање како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

15. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.4.1.** која се однесува за набавка на готов бетон за потребите на Општината и немање надзор за вградување на истиот претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

16. Забелешката за констатираните состојби во **точката 4.4.2.** која се однесува за необезбедени банкарски гаранции во периодот на вршење на работите согласно склучените договори претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

17. Забелешката за констатираните состојби во **точката 3.1.** која се однесува на тоа дека Општина Кочани нема изготвено мерила и критериуми за распределба на блок дотации од одделни области кое има влијание на транспарентната распределба на овие средства по корисници претставува **известување** дека дадената препорака се прифаќа.

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2014 ГОДИНА НА ОПШТИНА КОЧАНИ
# СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (937)

01 2015 07 04/4

Скопје, март 2016

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12 - 119/10
Дата: 21.03.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Кочани за 2014 година.

За финансиските извештаи за 2014 година на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Кочани изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност со закони и прописи.

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Кочани за 2007 година не се дадени препораки и изразено е мислење без резерва.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кочани на сметката на расходи на буџет на дотации (937), кои се состојат од биланс на приходи и расходи, биланс на состојба на 31.12.2014 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Кочани за 2007 година. За виситинитиста и објективноста на резултатот од финансиските извештаи за 2007 година, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани од 2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 12.11.2015 до 13.11.2015 година кај Општина Кочани од тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Лила Зафировска, виш ревизор и овластен државен ревизор,
- Елена Грнарова, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Халит Рамадани, помлад ревизор.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Кочани на ден 31 декември 2014 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Кочани на ден 31 декември 2014 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 4. Останати прашања

4.1. За финансирање на противпожарните единици, согласно Законот за пожарникарство, Град Скопје и Општините во Република Македонија остваруваат приходи и по следните основи:
- од осигурителните компании во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила. Во постојното законско решение пропишано е осигурителните компании средствата да ги уплаќаат еднаш месечно, а инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон, со измените од април 2013 година, да го вршат

инспекторите за заштита и спасување при Дирекцијата за заштита и спасување. Со постојното законско решение Град Скопје и општините немаат сознание за висината на средствата што треба да се уплатат на нивните сметки по овој основ, ниту пак имаат законска обврска да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства. Ефект од оваа состојба е немање целосен увид во наплатата и потврдувањето на приходите за Град Скопје и Општините по тој основ.

- Градот Скопје и Општините во Република Македонија имаат можности за остварување и на дополнителни приходи кои се предвидени во законската регулатива (средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителните друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата од пожари и приходи од сопствени извори за извршени услуги) но истите не остваруваат приходи по овие основи.

Наведените состојби упатуваат на заклучок дека надлежните институции не преземаат доволно активности за имплементација на законските одредби во делот на остварување на приходи кое ќе има влијание врз буџетите на единиците на локалната самоуправа како и постои потреба на допрецизирање на овие одредби во Законот за пожарникарството.

Општина Кочани
Сметка на расходи на буџет на дотации (937)
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 година

| Опис на позицијата | Образло жение | 2014 | во 000 денари 2013 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 6.834 | 6.814 |
| Вкупно приходи | | 6.834 | 6.814 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 6.834 | 6.814 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 6.834 | 6.814 |
| Вкупно расходи | | 6.834 | 6.814 |

Општина Кочани
Сметка на расходи на буџет на дотации (937)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 541 | 508 |
| Вкупно тековни средства | | 541 | 508 |
| Вкупна актива | | 541 | 508 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.1. | 541 | 508 |
| Вкупно тековни обврски | | 541 | 508 |
| Вкупна пасива | | 541 | 508 |

## 1. ВОВЕД

Општина Кочани е единица на локална самоуправа формирана согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Општина Кочани од Буџетот на Република Македонија добива приходи по основ на наменски дотации согласно член 10 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Сметката на расходи на буџет на дотации (937) е сметка на која се уплатуваат средства по основ на наменска дотација и се извршуваат расходите за финансирање на територијалната противпожарна единица во делот на платите и надоместоците.

Од Министерството за внатрешни работи се реализираат наменските дотации за плати, додатоци на плати и надоместоци на вработените на територијалните противпожарни единици. Законската рамка за децентрализацијата на вработените во територијалните противпожарни единици се воспостави со донесување на Законот за пожарникарство. Во 2006 година е донесена и Уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и надоместоци на вработените во територијалните противпожарни единици.

Општина Кочани, финансиското работење на сметката на расходи на буџет на дотации (937) го врши преку сметката 736014044493718, во рамки на Трезорската сметка.

Овластен потписник на сметката е:

- Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани од 2009 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Основни начела**

2.1. Со дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

2.2. Од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следните видови на дотации:
- наменска дотација;
- блок дотација и

- дотација за делегирана надлежност.

2.3. Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

2.4. Надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменските и блок дотациите.

2.5. Дотациите се користат за финансирање на конкретна активност.

2.6. Надлежните министерства и фондовите му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските и блок дотациите по општини, по проект и инструкција и/или програми со буџетска пресметка за следната буџетска година.

2.7. Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на наменските и блок дотации.

2.8. При констатирање на неправилности во користењето на дотациите, надлежните министерства и фондовите ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

2.9. Дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.10. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.11. Сметководственото начело на парично искажување значи приходите и другите приливи да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите и другите приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно. Приходите и другите приливи се расположиви кога се остварени во пресметковниот период.

2.12. Сметководственото начело на парично искажување значи расходите и другите одливи да се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

Ограничување

2.13. Корисниците на средствата на дотации се должни утврдените средства да ги користат наменски, рационално и економично и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.

Биланс на состојба

2.14. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина од 6.834 илјади денари (2013 година – 6.814 илјади денари). Истата произлегува од добиени средства од Министерство за внатрешни работи, кои се обезбедени согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по основ на наменски дотации како дополнителни приходи на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон, од областа на противпожарната заштита.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- плати и надоместоци кои опфаќаат основни плати за други вработени, додатоци на плати и персонален данок на доход и
- придонеси за социјално осигурување кои опфаќаат: основни придонеси за ПИО, придонес за бенефициран стаж, основни придонеси за здравство и основен придонес до Агенцијата за вработување.

во 000 денари

| Опис | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Основни плати | 4.774 | 4.758 |
| Придонеси за социјално осигурување | 2.060 | 2.056 |
| Вкупно: | 6.834 | 6.814 |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Актива

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 541 илјади денари (508 илјади денари за 2013 година) и се однесува на вкалкулирана и неисплатена плата за 12/2014 година во износ од 541 илјада денари на територијалната противпожарна единица.

Пасива

### 4.2. Тековни обврски

#### 4.2.1. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во износ од 541 илјади денари (2013 година - 508 илјади денари) и се однесува на вкалкулирана, а неисплатена плата за 12 месец 2014 година на територијалната противпожарна единица.